# ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола

**адреса: ул. „Димче Лахчански“ б.б.- Битола**
**e-mail:** ouklimentbt@yahoo.com
**web:** www.ousvklimentohridskibt.weebly.com
**тел: 047/255-737**
**факс: 047/252-733**

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“- Битола
за учебната 2022/2023 година




Јануари, 2023 година

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 4

Полугодишен извештај за работа на директорот ....5
Полугодишен извештај за работата на училишниот педагог ....15
Полугодишен извештај за работата на психологот....17
Полугодишен извештај за работата на наставник ментор ....20
Полугодишен извештај за работа на стручниот соработник – дефектолог ....22

2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО 29

Општи податоци за училиштето ....29
Просторни услови за работа во училиштето ....29
Материјално-технички услови:....30
Мапа на училиштето....30
Ученици....32
Наставен и ненаставен кадар....33
Степен на образование на вработените ....33
Старосна структура на вработените....33
Настава ....34
Вид на настава ....34
Организација на задолжителна настава....34
Изборна настава....35
Полугодишен извештај за реализираноста на дополнителната настава....37
Полугодишен извештај за реализираноста на додатната настава....38
Полугодишен извештај за работа и справување со социјалните и емоционалните проблеми на учениците 40
Полугодишен извештај за реализираното советување со родителите....41

ПОЛУГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА ТИМОВИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА 42

Тим за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот....42
Полугодишен извештај - инклузивен тим на деца со посебни образовни потреби....43
Тим за работа со талентирани и надарени ученици....50
Тим за работа со деца со потешкотии ....51
Тим за употреба на икт во наставата ....53
Тим за спроведување на активности од хуманитарен аспект....54
Тим за заштита и спасување и прва помош ....55
Полугодишен извештај на тимот за прифаќање и одобрување на проекти ....56
Тим за МИМО ....60
Тим за грижа за здравјето....62
Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата....62
Здравствени организации ....63
Еко тим ....64
Тим за училиште без насилство ....68
Тим за професионално насочување на учениците ....69
Тим за пофалување и наградување....70
Тим за оценување, следење и вреднување....71
Тим за проверката на електронските дневници....73
Тим на ученичката заедница ....74
Детска организација....75

**Тим за училишна библиотека** ... 76
**Полугодишен извештај за програмата за учење на отворено** ... 78
**Тим за комуникација со јавноста и промоција на училиштето** ... 79
Тим за уредување на веб страната ... 79
Тим за претприемништво ... 80
Тим за прослави и приредби ... 81
Тим за соработка со локалната заедница ... 82
Тим за соработка со НВО ... 91
**.ПОЛУГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ОД СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА** 91
**Извештај за работата на дневниот престој** ... 92
**Стручен актив на прво одделение** ... 93
**Стручен актив на второ одделение** ... 95
**Стручен актив на трето одделение** ... 98
**Стручен актив на четврто одделение** ... 100
**Стручен актив на петто одделение** ... 102
**Стручен актив по Македонски јазик** ... 104
**Стручен актив за странски јазици (Англиски, Германски, Француски и Италијански јазик)** ... 106
**Стручен актив по Математика** ... 109
**Стручен актив по Биологија, Физика и Хемија** ... 110
**Стручен актив по Географија, Историја, Граѓанско образование и Етика** ... 113
**Стручен актив по Техничко образование и Информатика** ... 114
**Стручен актив по Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование** 115
**УЧИЛИШТЕН ОДБОР** 118
**СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ** 122
**ЗАКЛУЧОК** 122

# 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“- Битола е изработен според Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година, Анексот на програмите кои се составен дел на Годишната програма, записниците, извештаите и укажувањата од увидите на Државниот просветен испекторат, советникот на БРО-Битола, Советот на родители и Училишниот одбор.

Целта и задачите на Извештајот за работа е да се проследат материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето, постигнувањата на учениците, а во исто време и да се укаже на тековните проблеми и тешкотии на кои наидовме во текот на оваа учебна.

На почетокот на новата учебна година, беа извршени вообичаените подготовки за започнување на истата, а што се во насока на создавање подобри услови за работа што ќе овозможат да се подобрат резултатите во воспитно-образовната работа и реализацијата на наставните планови и програми во целост.

Во однос на техничката подготвеност на училиштето, како и секоја година, беа преземени неопходни мерки и активности за непречен почеток на годината.

## Полугодишен извештај за работа на директорот

Во овој период директорт на училиштето ги релизираше активности од следниве подрачја:

| Подрачје на работа: Административно – организациска работа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активности** | **Цели** | **Соработници** | **Форми на работа** | **Ефекти** | **Време на реалзиација** |
| **Создавање услови за работа во училиштето** | Технички подготовки на училишните објекти за почеток на учебната година<br>Кадровски прашања | Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година за учениците од прво до деветто одделение | Технички персонал<br>Хаузмајстори<br>Секретар<br>ЕСАРУ администратор<br>Одделенски наставници | Разговори<br>Консултации<br>Набавки<br>Решенија | Подготвени училишни објекти за успешен почеток на новата учебна година | Септември, 2022 |
| | Организација прием на ученици на прв училиштен ден<br><br>Организирање прием на учениците од шесто одделение | Успешен прием на првачињата на прв училиштен ден, исто така и учениците од шесто одделение | Стручна служба<br>Наставници од прво одделение<br>Класни раководители на шесто одделение | Разговори<br>Консултации | Промоција на работата на училиштето | септември. 2022 |
| | Создавање оптимални просторни и технички услови за престој и работа во училиштето | Модернизирање на просторот и опремата | Технички персонал | Разговори<br>Консултации<br>Набавки | Подобрување на условите за работа | Прво полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Организација на воспитно образовната работа** | Формирање на одделенија и паралелки | Организација на воспитно образовната работа за учебна 2022/2023 година | Психолог<br>Педагог<br>ЕСАРУ администратор<br>Наставници | Соопштенија<br>Договори<br>Консултации<br>Анализи | Успешна подготовка и организација на целокупното работење на училиштето за учебната 2021/2022 година | септември. 2022 |
| | Распределба на часови и задолженија | | | | | |
| | Утврдување на бројна состојба на Ученици | | | | | |
| | Изработка и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето од страна на училиштен одбор, наставнички совет и Совет на Општина Битола | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Психолог<br>Педагог<br>Дефектолог<br>Наставнички совет<br>Училиштен одбор<br>Совет на Општина Битола<br>Наставници | Тимска работа | Ефикасна работа на училиштето | септември. 2022 |
| | Собирање на сите програми и планирања од наставниците | | Тим | | | |
| | Направен распоред на часови | | Директор | | | |
| | Распределба на задачи и задолженија | Организација на воспитно образовната | ППС<br>Стручни активи<br>Наставници | Соопштенија<br>Договори<br>Консултации | Ефикасна работа на училиштето | Прво полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за Тимови, стручни активи и комисии | работа | | Тимска работа | | |
| **Материјално-финансиско работење на училиштето** | Организација на пописи, реализација на финансов план 2022, изработка на финансов план 2023 | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Секретар благајник Училиштен одбор Книговодител Комисија за попис Наставнички совет | Пописи Финансов план за 2023 записници | Успешно финансиско работење на училиштето | Прво полугодие |
| **Набавка на основни средства за работа** | Набавка на средства за одржување на хигиената и средства за дезинфекција | Осовременување на условите за работа | Технички персонал Благајник Правник Општина Битола | Анализи Набавки Распределба за користење | Создавање поволни технички услови за работа, запазување на стандардите | Прво полугодие |
| **Соработка со стручни органи и служби, БРО, ДПИ, ДИЦ, МОН, родители институции,** | Материјално - финансиски прашања Кадровски прашања Стручно усовршување Воспитно - образовна работа | Осовременување на воспитно образовната работа | Одговорни лица | Консултации Одлуки Соопштенија Обуки Решенија Напатствија | Ефикасност во воспитно образовната работа | Прво полугодие |
| **Соработка со локалната средина** | Соработка со Општина, Градоначалник, одговорни лица,советници, | Унапредување на работата на училиштето. Промоција за работата на училиштето во општината | Одговорни лица Стручна служба Наставници | Консултации Одлуки Соопштенија Седници | Осовременување на условите за реализација на воспитно образовната работа. Афирмација на | Прво полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка со урбаните заедници<br>Соработка со училиштата во Општината<br>Соработка со организации, установи и јавни претпријатија во Општината | | | | училиштето | |
| **Увид и контрола на работата на технички и административен кадар** | Увиди и контрола на уреденост на Училишниот објект<br><br>Увиди и контрола на хигиената во училиштето<br><br>Контрола на безбедноста на објектите и опремата | Обезбедување оптимални услови за работа во училиштето | Технички персонал<br>Хаузмајстор<br>Правник<br>Благајник | Увиди<br>Консултации<br><br>Одлуки<br>Соопштенија | Создавање добри технички, санитарни, безбедни услови за работа | Прво полугодие |
| **Евиденција и документација** | Подготовки за седници<br>Контрола на е - дневникот<br><br>Изработка и донесување на нормативни акти, | Запазување на законитоста во работењето на училиштето<br>Унапредување на работењето на училиштето | Секретар<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Училиштен одбор<br>Совет на родители | Договори<br>Увиди<br>Консултации<br>Соопштенија<br>Седници<br>Тимска работа | Осовременување на воспитно образовната работа.<br>Ефикасност во работењето. | Прво полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | соопштенија, куќен ред за работата на училиштето и одлуки | | Стручни активи | | | |

| Подрачје на работа: Раководење и педагошко - инструктивна работа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активности** | **Цели** | **Соработници** | **Форми на работа** | **Ефекти** | **Време на реалзиција** |
| Концептирање и програмирање | Континуирано прилагодување на новата концепција во наставата во одделенска настава | Планирање и програмирање на целокупното работење на училиштето согласно законските акти. Унапредување на воспитно образовната работа на училиштето. | Стручна служба<br>Секретар<br>Наставници<br>Училиштен одбор<br>Наставнички совет<br>Стручни активи<br>Ученички заедници<br>Совет на родители<br>Одделенски совет | Консултации<br>Состаноци<br>Седници<br>Анализи<br>Разговори<br>Пресметки<br>Решенија<br>Соопштенија | Успешен почеток и тек на учебната година.<br>Подигање на нивото на организациска поставеност на училиштето.<br>Ефикасност во работењето.<br><br>Осовременување на целокупното работење на училиштето. | септември. 2022 |
| | Анализа и вреднување на програмите на наставниците | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на организација и реализација на воспитно образовната работа | Следење на наставата со физичко присуство<br>Следење на работата на стручните органи и стручните активи<br>Советодавна и консултативна Работа<br>Разрешување на проблеми<br>Следење на оценувањето | Следење и унапредување на воспитно-образованата работа на училиштето.<br><br>Следење на реализација на приоритетите на училиштето. | Стручна служба<br>Стручни активи<br>Наставници<br>Училиштен одбор<br>Наставнички совет<br>Одделенски совет<br>Инклузивен тим<br>Тим за ненасилство | Консултации<br>Состаноци<br>Анализи<br>Разговори<br>Соопштенија | Осовременување на воспитно-образовната работа.<br>Реализација на Годишна програма.<br>Примена на критериумите за оценување на знаењата на учениците.<br>Реализација на приоритетите на училиштето | Прво полугодие |
| Стручно и педагошко усовршување на вработените | Посета на многубројни обуки за успешна реализација на наставата<br>Полагање на приправнички<br>Следење на работата на приправник<br>Организација на едукации, семинари, советувања, работилници, дискусии, дебати<br>Соработка со родителите<br>Анализа на напредокот на Учениците | Професионален развој на вработените.<br>Осовременување на наставата.<br>Подобрување на постигањата на учениците. | Тим за професионален развој<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Наставници<br>Стручни лица<br>Родители<br>Совет на родители<br>Наставнички совет<br>Одделенски совет<br>Инклузивен тим<br>Тим за кариерно | Консултации<br>Разговори<br>Анализи<br>Евалуации<br>Состаноци<br>Седници<br>Статистички анализи | Стручно усовршување на наставниот кадар и останати вработени.<br>Унапредување на наставата.<br>Подобрување на училишниот успех. | Прво полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Реализирање на онлајн мобилности и мобилности од Еразмус + проектите | | насочување на учениците<br>Тим за проекти | | | |
| Соработка со наставен кадар и<br>стручна служба | Распоредување работни задачи<br>Планирања и подготовки на Воспитно -образовната работа<br>Анализа на постигнати резултати | Раководење и организација на целокупната работа | Стручна служба<br>Наставници | Разговори<br>Консултации<br>Советувања<br>Соопштенија | Ефикасност во работењето | Прво полугодие |
| Соработка со стручните активи и стручните органи | Реализирани Наставнички совет<br>Увиди во работата, следење на реализација на програмите за работа и учество во работата на Одделенски совет, стручни активи, стручна служба, одделенски раководители | Раководење и организација на работењето на училиштето. | Стручна служба<br>Наставници<br>Стручни активи<br>Наставнички Совет | Увиди<br>Состаноци<br>Седници<br>Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Советувања | Ефикасна реализација на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Позитивна училишна клима и култура | Прво полугодие |
| | Реализирање активности од Граѓанското образование (предлог дебати, дебати, цртање) | Развивање на свеста кај учениците | Тим за граѓанско образование | Дебати<br>Активности<br>извештаи | Ефикасно реализирање на програмата | Декември 2022 |
| Соработка со Совет на | Конституиран Совет на родители, запознавање | Вклучување на | Родители<br>Совет на | Разговори<br>Состаноци | Редовно и навремено | Прво полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| родители | на родителите со Куќен ред, закони, правила, нормативни акти<br>Соработка со Совет на родители | родителите | родители<br>Педагог<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Одделенски раководители<br>Наставници | Родителски Средби -<br>Седници -<br>Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Кодекси на однесување | информирани родители.<br>Учество на родителите во целокупната работа на училиштето.<br>Учество на родителите во донесување важни одлуки и креирање на училишната клима и култура. | |
| Соработка со Училиштен одбор | Подготвување за на седници на Училиштен одбор<br>Присуство на седници и помош во работата на Училишниот одбор – само со покана од претседателот | Ефикасно функционирање на Училишниот одбор. | Училиштен одбор<br>Секретар<br>Наставници<br>Совет на родители | Разговори<br>Состаноци – со физичко присуство<br>Седници<br>Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија | Унапредување на работата на Училишниот одбор.<br>Законско работење на училиштето.<br>Ефикасно работење на училиштето. | Прво полугодие |
| Соработка со учениците и нивните организации | Присуство на конститутивната седница на Училишниот парламент<br>Помош во планирање, програмирање и реализација на работата на Училишниот парламент | Ефикасно функционирање на Училишниот парламент. | Ученици<br>Педагог<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Одговорни наставници<br>Ученички парламент | Седница | Унапредување на работата на Ученички парламент.<br><br>Подобрување на училишната клима. | Прво полугодие |

Други тековни активности, подобрување на условите за работа

| Активност | Цели | Реализатори | Ресурси/ методи на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Уредување и опремување на дневниот престој | Подобрување на условите за реализација на воспитно-образовниот процес | -Хаусмајстори<br>-Техничака служба<br>-Директор | Училиште | Ноември-Декември, 2022 |
| УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ ВО СПОРТСКАТА САЛА И СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ | Подобрување на условите за реализација на воспитно-образовниот процес | -Хаусмајстори<br>-Директор<br>-Наставници по ФЗО | Училиште | Ноември-Декември, 2022 |
| Набавка на спортска опрема за наставата по ФЗО за одделенска настава | Подобрување на условите за реализација на воспитно-образовниот процес | -Наставници по ФЗО<br>-Одделенски наставниците<br>-Претставници од МКЦ<br>-Директор | Младински Култирен Центар | Декември, 2022 |
| Набавка на спортска опрема за наставата по ФЗО за предметна настава | Подобрување на условите за реализација на воспитно-образовниот процес | -Наставници по ФЗО<br>-Претставници од ОСУС<br>-Директор | ОСУС Битола | Ноември, 2022 |
| Училиштен весник Светлини | Патронен празник | Директор, наставници, ученици и АД Киро Дандаро | Тимска работа | Ноември, 2022 |
| Соработка со збратимено училиште ООУ „Григор Прличев“ од Охрид | Патронен празник | Директор, наставници, ученици | Заедничка активност и посета на тим од Охрид | Декември, 2022 |
| Хуманитарна акција „Да си подадеме рака“ | -Донација за учениците од социјално ранлива категорија и ученици со посебни | -Педагошко – психолошка служба,<br>-Ученици,родители | Улилиште | Декември,2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | образовни потреби<br>-Донација во Центар за личности со посебни потреби<br>-Донација во хуманитарно здружение”Утешител” | -Наставници<br>-Директор | | |
| Хуманитарна акција „Ротари клуб-Пелистер“ | -Донација за учениците од социјално ранлива категорија и ученици со посебни образовни потреби | -Ротари клуб-Пелистер Педагошко-психолошка служба<br>-Директор | -Ротари клуб Пелистер | Декември, 2022 |
| Хуманитарна акција „Хуманитарен оброк“ | -Донација за учениците од социјално ранлива категорија(хуманитарен оброк) | -ДООЕЛ „Багето“ Педагошко-психолошка служба-Техничка служба | ДООЕЛ”Багето” | Декември, 2022 |
| Промација на прирачници за Еразмус проекти | Професионален развој | Тим за Еразмус проекти | Тим за Еразмус проекти | Декември, 2022 |
| Хортикултурно уредување на дворот | -Подобрување на условите за реализација на воспитно-образовниот процес<br>-Еко услови во училиштето | -Одделенски наставници од второ одделение<br>-Техничка служба<br>-Директор | -Училиште | Ноември, 2022 |
| Следење на многубројни онлајн обуки, дебати и презентации | Професионален развој | Директор | онлајн | Прво полугодие |
| Аплицирање на проекти | Промоција | Директор<br>Наставници | апликација | Прво полугодие |

ВД Директор
Предраг Созовски

## Полугодишен извештај за работата на училишниот педагог

| Програмски подрачја | Реализирани активности | Соработници |
|---|---|---|
| **Непосредно следење на наставата** | -Посета на редовна настава<br>-Посета на часови на ОЖВ<br>-Посета на отворени часови<br>-Посета на дополнителна настава | Наставници, директор, психолог |
| **Советодавно-консултативна работа со наставниците** | -Инструктивно-консултативна работа со наставниците при планирањето и програмирањето на наставните и вонаставните активности;<br>-Инструктивна работа при реализацијата на часовите на ОЖВ<br>-Советодавно-консултативна работа со одделенските раководители при откривањето и разрешувањето на проблеми на релација ученик-наставник-семејство<br><br>-Инструктивно-консултативна работа со наставници-приправници;<br>-Советодавна работа со наставниците и учениците при изборот и распределбата на учениците за слободните активности, додатната, дополнителната и изборна настава.<br>-Давање повратни информаци на наставниците од посетените часови. | Наставници, психолог<br><br>Одд. наставници<br><br>Наставници, психолог<br><br>Наставник-приправник<br><br>,Наставници, ученици<br>Наставници, психолог, директор |
| **Советодавн работа со ученици** | -Советодавна работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех (успехот, редовноста, дисциплината, реализацијата на наставните и вонаставните програми и тн.).<br>-Советодавна работа со деца со потешкотии<br>-Советодавна работа со ученици кои забрзано напредуваат (акцелерација)-Професионална ориентација на уцениците | Ученици, одд. раководител, психолог, дефектолог, родители<br>одд.раководители<br><br>ученици, психолог, одд.рак. |
| **Советодавно работа со родители** | -Советодавна работа со родители чии деца побрзо напредуваат или пак имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината | родители, одд.раководители, психолог |
| **Водење на педагошката евиденција и документација** | -Инструктивна работа со н-ците за водењето на педагошката евиденција и документација на ниво на училиште.<br>-Водење на педагошка евиденција за работата на уч. Педагог | Одд. наставници |
| **Аналитичко-истражувачка работа** | -Анализа на тримесечната, полугодишната реализација на наставната програмата за работа по нас. предмети (успехот, редовноста, дисциплината, реализацијата на | |

| | | |
|---|---|---|
| | наставните и вонанаставните програми и тн.)<br>-Анализа од извршеното мерење на брзината на читањето на учениците од II одд. на крајот од првото полугодие.<br>-Анализа на среденоста на педагошката евиденција и документација по паралелки<br>-Водење на педагошки картон<br>-Водење на ученичко досие<br>-Подготвување на критериуми за формирање на паралелки во прво одд.<br>-Менторирање на соработката со студентите од Педагошкиот факултет Битола<br>-Подготвување на формулари за известаи за успехот и поведението на учениците<br>-Учество во подготвување и спроведување на анкети во училиштето за изборни предмети и странски јазик<br>-Подготвување на распореди за користење на спортската сала за одд. настава<br>-Подготвување на распоред за дежурства на наставниците во одд. и предметна настава<br>-Формирање на паралелки во прво одд. според педагошки критериуми<br>-Партиципација во водењето на професионалното досие на наставниците | Наставници<br>Наставници<br>психолог |
| **Стручно усовршување** | -Учество во интерните едукации во училиштето<br>-Следење на стручна литература | |
| **Соработка со стручни тела на училиштето** | -Соработка со стручните активи<br>-Соработка со одделенските совети<br>-Соработка со Наставничкиот совет<br>-Соработка со одд.раководители<br>-Соработка со советот на родители<br>-Учество во работата на училишни комисии | |
| **Соработка со институции од локалната средина** | -Просветна инспекција<br>-Центар за јавно здравје,<br>-Центар за ментално здравје,<br>-Центар за социјална работа<br>-Педагошки факултет Битола<br>-Депанданс за корекција на слух и говор<br>-Сектор за внатрешни работи – Битола | |

Ѓорговска Кристина, училишен педагог

## Полугодишен извештај за работата на психологот

Реализатор: Србиновска Ивана

Работата на психологот во првото полугодие од учебната 2022/2023 година се реализираше преку следните подрачја содржини и активности:

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Советување на ученици: Советодавно-консултативна и законски поддржана работа (законски пропишани формулари) | Советодавна работа со ученици кои имаат потешкотии и проблеми во развојот (неуспех во учењето, конфликтни појави во однесувањето, емоционални тешкотии, нередовност, семејни проблеми, подложни се на булинг, потешкотии во меѓусебните односи со други ученици во училиштето). Работата се спроведуваше преку писмена евиденција во зависност од видот на активноста, се водат досиеа и записници за реализираните активности. Работа со ученици од прво одделение коишто имаат потешкотии со адаптацијата на наставата. | Психолог, педагог, наставници | Септември – декември 2022 |
| Советување нанаставници: Советодавно-консултативна и законски поддржана работа | Активности за прегледување на портфолијата на наставниците, водење педагошки картон. Координирање за разрешување на евентуални индивидуални проблеми на учениците, во соработка со одделенските наставници или раководители. Особено проблеми што најчесто се појавуваа беа за ученици коишто покажуваа намалување на успехот во учењето и губење на интерес и мотив за наставата. Соработка со наставниците од прво одделение во однос на адаптираноста на учениците во прво одделение. | Психолог, педагог | Септември – декември 2022 |
| Советување на родители: Советодавно-консултативна изаконски | - Идентификација на ученици кои потекнуваат од материјално и социјално проблематични семејства, водење разговор со нив и со нивните родители, како и водење | Психолог | Септември – декември 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| поддржана работа | на писмена евиденција на социјално и материјално немоќните семејства.<br>- Индивидуални разговори со родители кои почувствувале одредени проблеми кај своите деца и по нивна иницијатива беа спроведени консултативни разговори.<br>-Спроведување на програмата за советување на родители чии деца покажале намален успех во учењето, нередовно посетување на наставата или антисоцијално однесување.<br>- Советодавно-консултативни разговори со родителите при запишувањето во прво одделение. | | |
| Соработка со заедницата | -Соработка и редовни средби со училишните психолози и педагози.<br>- Соработка со Центарот за ментално здравје на деца и младинци, БРО, Центарот за јавно здравје, како и други институции од државата и локалната средина.<br>- Соработка со основните и средните училишта во градот.<br>- Соработка со Педагошкиот факултет и студентите кои посетуваат практична настава во нашето училиште. | Психолог, педагог, директор | Септември – декември 2022 |
| Професионален развој и професионална соработка на наставниот кадар и сопствено доусовршување | -Следење и проверка на законската процедура за водењето на педагошката евиденција и документација и евидентирање во соодветни формулари и записници.<br>-Изготвување формулари за евиденција на проверката на професионалните досиеа на наставниците.<br>-Следење на стручната литература<br>- Посета на едукативни работилници, семинари, обуки. | Психолог, педагог, наставници, директор | Септември – декември 2022 |
| Аналитичко-Истражувачка работа | -Помош на ученици со потешкотии во учењето со помош на вежби за внимание и концентрација по спроведени консултации со родителите и по нивно барање или по барање на одделенските раководители-Изготвување стручни | Психолог | Септември – декември 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | материјали: брошура, предавања, текстови за помош на родителите и учениците. | | |
| Училишна структура, организација и клима | -Учество во изработката на Годишната програма, Годишниот и Полугодишниот извештај за работата на училиштето.<br>-Соработка со наставниците во изготвување на програмските задачи за наставата, следење и проучување проблеми во врска со наставата.<br>-Изготвување програма за својата работа- годишна по подрачја.<br>- Прием на ученици за прво одделение, советодавна и консултативна работа со родителите.<br>-Распределување на ново запишаните ученици по паралелки, како и издавање на документи на ученици кои од различни причини преминуваат во друго училиште.<br>-Координатор е на тимот за работа со талентирани и надарени ученици.<br>-Соработка со наставниците при програмирањето на додатна настава. | Психолог, педагог, директор, наставници | Септември – декември 2022 |

Битола, декември 2022 година

Изготвил: Ивана Србиновска, психолог

## Полугодишен извештај за работата на наставник ментор

Во текот првото полугодие на учебната 2022/2023 година, се реализираа следните активности:

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Менторирање на наставник-приправник**; | - Запознавање на личноста на приправникот, степенот на усвоени занења од структурата и можностите за успешно користење на тие знаења во наставата.<br>- Развивање на искрен и доверлив однос помеѓу менторот и приправникот и нивна соработка во заедничката работа, практичност, максимално залагање, критика и самокритика, иницијативност.<br>- Развивање љубов кај приправникот кон учениците и несебично подарување на љубов и знаење кон нив.<br>- Градење правилен однос кон работата и професијата.<br>- Следење и поттикнување во напредувањето и развојот на приправникот.<br>- Почит и поддршка во самостојната работа и реализација на наставата од страна на приправникот.<br>- Соработката на приправникот и менторот ќе се одвива во сите фази на наставата и ќе ја опфати целокупната содржина од наставниот план и програма, подготовка и изведување на самата настава, вреднување на знаењето на учениците.<br>- Менторот ќе го поттикнува приправникот кон креативност, самоиницијативност, избегнување на шаблони, соодветно и правилно користење на наставните методи и форми на работа како и воведување нови стручно- пегагошки постигнувања.<br>- Стручната помош ќе се состои од посета на часови од страна на менторот како на редовните, така така и на часовите за дополнителна и додатна наставта, како и на слободните активности. И приправникот може да посетува часови на менторот. Обостраната посета ќе се темели на стекнување знаења, искуства, самостојност во работата. Во заеднички договор меѓу менторот и приправникот ќе се определи бројот на часовите за посета и | Наставник ментор, Наставник приправник | Прво полугодие |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | притоа ќе се води сметка за распореденост во текот на целата година како и за разновидноста на наставните единици од сите области на наставните предмети.<br>- Заедничката соработка ќе се одвива во сите фази на наставата: планирање, подготовка, изведување (изработка на дневни подготовки, тестови, наставни ливчиња, контролни задачи, чек листи исл.. покрај овие консултации ќе се одвиваат и такви во врска со користењето на соодветната стручна литератур, во интеграција на работата, односно преку обединување на организираната помош и индивидуалната работа.<br>- Сите овие одредници можат да се менуваат во текот на заедничката соработка во зависност од потребите, важноста на наставните единици, од одредени проблеми и други околности. | | |
| **Менторирање на студенти од факултетите за наставници** | - Сфаќање на суштината на методиките за воспитно- образовна работа.<br>- Сфаќање на суштината на наставниот час како целина составена од елементи.<br>- Градење правилен однос кон работата и професијата.<br>- Следење и поттикнување во напредувањето и развојот на студентите.<br>- Почит и поддршка во самостојната работа и реализација на наставата од страна на приправникот. | Наставник ментор, студенти | Декември |
| **Учество во изготвување на развојни политики на училиштето** | - Предлагање и пишување на иновативни Програми и Планови за работа во училиштето<br>- Учество во проширување и подготвување на развојниот план на училиштето<br>- Изготвување на стратегии за унапредувањето на воспитно образовната работа во училиштето<br>- други задачи согласно со стекнатите компетенции за наставник-ментор | - Директор<br>- Наставници<br>- Стручна служба,<br>- Специјален едукатор и рехабилитатор | Август 2022 |

**Наставни ментор:**
**Виолета Стевановска**

## Полугодишен извештај за работа на стручниот соработник – дефектолог



**Стручниот соработник – дефектолог: Андријана Шокларовска**

# Полугодишен извештај од работата на стручниот соработник – дефектолог

учебна 2022/23 г. ООУ„Св. Климент Охридски“ Битола

Инклузивното образование се темели на пристапот заснован на човековите права кој е дефиниран со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации и со Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации.

Децата со посебни образовни потреби често имаат тешкотии во учењето што не се секогаш предизвикани од некој вид на попреченост. Со оглед на причините за јавување на тешкотии во учењето кај овие ученици, активностите во училиштето би требало да бидат насочени кон нивно ублажување и надминување преку обезбедување стимулативна средина за учење и развој на потенцијалите со кои располагаат учениците.

Ова значи дека и индивидуалната поддршка треба да биде насочена кон стекнување на вештини со кои ќе се намали почетната нееднаквост и ќе се овозможат услови за поттикнување и развивање на потенцијалите со кои располагаат овие ученици.

Сеопфатниот училишен пристап е вклучен во стратешките училишни документи и преку него се дефинирани чекорите за градење инклузивна училишна клима.

Целта е да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

**Општа цел:**

Подобрување на квалитетот на живот на децата/ ученици со посебни потреби и поттикнување на развој на сите деца во „училиштето по мерка на детето„.

**Специфични цели:**

1. Примена, развој и пратење на моделот за добра инклузивна пракса во училиштето, изработка на ИОП соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик
2. Активна учество во инклузивниот и образовен процес и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби.
3. Обезбедување и унапредување на квалитет на наставата во образование на учениците со посебни образовни потреби.

**Бројни се генерациите кои поминале низ училишните клупи во нашето училиште и станале успешни луѓе.**

**Знаењето може да се дава и прима безгранично без предрасуди**

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Изработка на план и програма** за работа на дефектологот во учебна 2022/23 година | Организирање и реализирање на активности врз основа на програмата за работа.<br>Изработка на акционен план и Изготвување на годишна програма на дефектолог | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу дефектологот и членовите на тимот | **Август, 2022г.** |
| **Анализа на актуелната состојба во училиштето**, идентификација на децата со посебни потреби за дополнителна поддршка<br><br>Поддршка на младите наставници- консултативни средби и по потреба **online-консултации** за ИОП- **образец** и улогата на дефектологот во инклузирано образование | Опсервација на ученикот, проценка на предметниот наставник, база на податоци, педагошка евиденција , соработка со ППС<br>Едукација на наставниците (оние кои имаат ученици со ПОП)<br>Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно -образовниот процес | Реализирани состаноци со ППС, дефектолог одделенски раководители, наставници<br>Тим за ИО, родители<br><br>**Реализирана консултативен состанок за дел од наставниците** со цел употреба на ИОП за секој ученик со ПОП | **Август, септември (по потреба и во текот на учебната 2022/23 година)**<br>**1.1.2022**<br><br> |
| **Соработка со стручни институции и организации**<br>**Личен професионален развој** | Професионален развој:<br>Дебата"Креирање инклузивна локална средина" Совет на општина Битола<br>Меѓународна научно-стручна конференција<br>"Образование на лицата со попреченост-актуелни состојби и перспективи"<br>Во присуство на 300 учесници, конференцијата беше отворена со Извадок од инклузивна танцова претстава„Ѕвонарот“ во изведна на танцовот студио Еурека | Совет на општина Битола,<br>Дефектолог<br><br><br>Сојуз на специјални едукатори Филозовски факултет Скопје,Институт за специјална едукација и рехабилитација,<br>Педагошки факултет Тетово<br>UNICEF,<br>УНДП и Министерството за труд и социјална политика | **27.7.2022**<br>**15.10.2022**<br><br> |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Пратење на напредокот на ученикот-ИОП**<br>**Соработка и поддршка на образовните асистенти со наставниците вклучени во редовната настава- наставници вклучени во инклузивното образование** | Унапредување на достапноста на соодветните облици на поддршка на учениците:<br>1. Ангажирање на образовни асистенти и вклучување во воспитно образовниот процес од месец септември, 2022г.<br>2. Посочување на целна група на ученици со ПОП по сугестија на дефектологот од училиштето со цел давање на соодветен пристап од страна на образовниот асистент. | Консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу дефектологот и образовните асистенти<br><br>Билјана Темелкова-Бејковска Благодарност од срце! | **Во текот на цела учебна година 2022/23**<br> <br>**29.11.2022**<br>  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** | Инклузивниот процес во нашето училиште се реализира предводен од ставот дека секое дете без оглед на неговите способности може да напредува во рамките на своите можности.<br>Ученикот треба да оди во училиште со своите врсници, а програмите и методите да се приспособат според индивидуално прилагодена програма, која произлегува од редовната настава, која постојано се прати и надградува од страна на наставникот.<br>Наставникот користи Асистивна технологија и многу други помагала со кои е опремено нашето училиште | Работна средба на регионалното стручно тело за функционална проценка(МКФ) на Пелагонискиот регион со специјалниот едукатор и рехабилитатор<br> | **24.11.2022**<br><br>  |
| **Едукација на учениците** од редовната популација .<br> | **Активности за учениците во прифаќањето на различностите**<br>**Едукаци ија на родители**<br>**Вклученост на родителите во животот**<br>**и работата на училиштето**<br>Проект ,,Децата не се раѓаат со предрасуди"<br>Беше проследен филмот ,,Колку брусници има на светот"<br>Реализирана работилница на тема: „Промовираме еднаква вредност за сите“ | Глада Худик Театар од Шведска Ученици од IV-5, наставничката Венета Јоновска, дефектолог. | **20.10.2022**<br>  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Одбележувањето на трети декември како Меѓународен ден на лицата со попреченост со дефиле по Широк Сокак<br>Целта е да се зборува и да се промовираат правата и благосостојбата на лицата со попреченост во сите сфери на живеењето.<br><br>Од најмала возраст ги учиме учениците да ги почитуваат различностите на тема „Сите сме еднакви"<br><br>Посета на Дневен центар на лицата со посебни потреби | Здружението за хумантитарни дејности, Лајонс клуб “Кабадаја“ од Битола, ЗРДОС „Кочо Рацин“ Битола, Локалната самоуправа , ученици, дефектолог.<br><br><br>Ученици од I-2 со наставничката Гордана Анастасова, дефектолог<br><br>Дневниот центар на лица со телесна и ментална попреченост, ученици од деветтите одд. и дефектолог.<br>  | **3.12.2022**<br> <br> <br>**2.12.2022**<br> <br> <br>**27.12.2022**<br> <br>  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Соработка со други институции** кои го поддржуваат и унапредуваат инклузивното образование | Здружението на слепи лица од Битола заедно со лајонсите од Битола организираа марш по битолскиот Широк Сокак. Целта на одбележувањето на овој ден е да и се укаже на пошироката јавност за проблемите и специфичниот начин на живот на кои наидуваат слепите и слабовидите во нашето општество. | Здружението на слепи лица Битола Лајонс клуб Кабадаја, ученици, Дефектолог<br> | **15.10.2022**<br> |
| **Соработка со други важни институции, локалната самоуправа и др.** | Мултисензорната изложба „Музеј за сите“ под мотото „Сликите можат да се допрат, сликите зборуваат“на која се презентирани 16 предмети од постојаната поставка на битолскиот мизеј, превод на Браево писмо.<br><br>Поддршка на нашите ученици: „Не сме сите створени да правиме големи работи. Но, затоа можеме да правиме мали работи со многу љубов.“ | НУ Завод и музеј во Битола, специјален едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска, ученичката Барбара Василевска<br><br><br>Rotary Club Bitola Pelister и Ciflik Winery, директор, дефектолог | **24.11.2022**<br><br>**20.12.2022**<br> |

Извештајот го подготви:
Дефектолог Андријана Шокларовска

# 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

### Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | „Св. Климент Охридски“ |
| **Адреса, општина, место** | „Димче Лахчански “б.б, Битола, Битола |
| **Телефон** | 047/255737 |
| **Факс** | 047/252733 |
| **Е-меил** | ouklimentbt@yahoo.com |
| **Основано од** | СИЗ за образование и наука |
| **Верификација-број на акт** | 13-162/90 |
| **Година на верификација** | 1990 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1989 година |
| **Тип на градба** | тврда градба |
| **Површина на објектот** | 5109 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 15840 $m^2$ (заедно со спортските терени) |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1487 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење со нафта |
| **Број на одделенија** | 9 одделенски совета |
| **Број на паралелки** | 45 |
| **Број на смени** | 2 |

### Просторни услови за работа во училиштето

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 зграда, централна и 1 зграда, подрачно училиште |
| **Училиштен двор** | Да |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 20949 $m^2$ |
| **Нето површина** | 1523 $m^2$ |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 28 |
| **Број на помошни простории** | 13 |
| **Училишна библиотека** | 2 |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење на нафта |

## Материјално-технички услови:

- десктоп компјутери,
- Intel Classmate ученички лаптопи
- лаптопи
- Intel Classmate таблети
- смарт табли
- бели табли
- телевизори
- печатачи,
- дигитални камери,
- микробит уреди

За учениците со посебни потреби има:

- монитор на допир,
- 5 тастатури од кои 3 се со кирилично писмо и 2 со латинично писмо,
- 1 trackball, joystick,
- 1 одвоени кликови,
- 1 едукативни софтвери.

За учениците со оштетен вид се користат следниве уреди:

- компјутер,
- принтер за Браево печатење.

## Мапа на училиштето





ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ



## Ученици

Во оваа учебна година, во училиштето учат 1045 ученици, а во I одделение беа запишани 124 ученика, календарски обврзници, односно родените во 2012 година и во јануари 2013 година. Сите првоодделенци, според списокот на МВР се опфатени за започнување на деветгодишното основно образование.

| Број на ученици по одделенија и национална припадност | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Број на пара-лелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 5 | 124 | 59 | 59 | / | / | / | 3 | / | / | / | 2 | / | 1 |
| II | 5 | 130 | 65 | 61 | / | / | 2 | / | / | / | / | 1 | 1 | / |
| III | 5 | 123 | 58 | 59 | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | 1 | / | 1 |
| **I-III** | **15** | **377** | **182** | **179** | **2** | **/** | **3** | **4** | **/** | **/** | **/** | **4** | **1** | **2** |
| IV | 5 | 96 | 35 | 58 | / | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / | 1 |
| V | 5 | 106 | 60 | 44 | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **IV-V** | **10** | **202** | **95** | **102** | **1** | **1** | **/** | **1** | **/** | **/** | **1** | **/** | **/** | **1** |
| **I-V** | **25** | **579** | **277** | **281** | **3** | **1** | **3** | **5** | **/** | **/** | **1** | **4** | **1** | **3** |
| VI | 5 | 139 | 63 | 70 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | 1 | 1 | / | / |
| VII | 5 | 95 | 48 | 42 | / | 1 | 2 | 1 | / | / | / | 1 | / | / |
| VIII | 5 | 114 | 57 | 53 | 1 | 1 | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / |
| IX | 5 | 118 | 59 | 59 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI-IX** | **20** | 466 | **227** | **224** | **2** | **3** | **4** | **1** | / | / | **2** | **2** | **1** | **/** |
| **I-IX** | **45** | 1045 | **504** | **505** | **5** | **4** | **7** | **6** | / | / | **3** | **6** | **2** | **3** |

| Наставен јазик | македонски | албански | турски | српски |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 45 | | | |
| Број на ученици | 1045 | | | |
| Број на наставници | 71 | | | |

## Наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **94** | 16 | 78 | | | | | | | | | | |
| **Број на наставен кадар** | **71** | 11 | 60 | | | | | | | | | | |
| **Број на воспитувачи** | **4** | 0 | 4 | | | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | **4** | 1 | 3 | | | | | | | | | | |
| **Административни работници** | **2** | 0 | 2 | | | | | | | | | | |
| **Помошно-техничка кадар** | **12** | 3 | 9 | | | | | | | | | | |
| **Директор** | **1** | 1 | 0 | | | | | | | | | | |
| **Помошник директор** | **1** | 1 | 0 | | | | | | | | | | |
| **Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)** | **/** | | | | | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 3 доктор на науки<br>5 магистер |
| Високо образование | 70 |
| Виша стручна спрема | 3 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 10 |

## Старосна структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 7 |
| 31-40 | 32 |
| 41-50 | 23 |
| 51-60 | 25 |
| 61- пензија | 7 |

## Настава

Во една учебна година, наставата во основното училиште трае 180 работни дена. За да се постигне овој број на работни денови, Годишната програма на училиштето е распределена на три тримесечија: првото тримесечие трае од 1 септември до 30 ноември, второто од 1 декември до 15 март и третото од 16 март до 10 јуни.

Наставата во нашето училиште се реализира според Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Таа ни овозможува остварување на основните образовни и воспитни принципи во училиштето, како и спроведување на законските норми и принципи.

## Вид на настава

Во училиштето се реализираат следните видови настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава. Секој вид настава се реализира според претходно изработена програма од страна на наставниците, а во согласнот со наставните планови и програми изработени од страна на МОН и БРО.

Исто така, во училиштето се изработуваат и реализираат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуализирани програми за ученици со посебни образовни потреби, употреба на ИКТ во наставата.

Поврзувањето на еколошката програма со редовната настава е приложена како анекс на Годишната програма на училиштето.

## Организација на задолжителна настава

Со Наставниот план и наставните програми на основното училиште, одредени се задолжителните предмети, нивниот распоред по одделенија како и седмичниот и годишниот фонд на часовите за учениците. Таа се организира по следните предмети:

- Македонски јазик ( I - IX )
- Математика ( I – IX )
- Англиски јазик ( I – IX )
- Географија ( VI - IX )
- Историја ( VI - IX)
- Биологија ( VII – IX )
- Хемија ( VIII, IX )
- Физика ( VIII, IX )
- Етика (VII)
- Информатика ( VI, VII )

- Техничко образование (IV, V, VI )
- Општество (I – V)
- Природни науки – (I – VI)
- Граѓанско образование (VIII, IX)
- Музичко образование (I – IX)
- Физичко и здравствено образование (I – IX)
- Ликовно образование (I – IX)
- Работа со компјутери и основи на програмирање (III, IV, V)
- Иновации (IX)
- Образование за животни вештини (I – IX) – (исклучок има во прво одделение каде овие часови се реализираат во состав на редовните часови)

Сите наброени елементи се содржат во Наставниот план, како и во објаснувањата за неговата примена. Поконкретно, дидактичките насоки за наставата се разработени во наставните програми по одделни предмети и подрачја и истите се дадени на страната на БРО – www.bro.gov.mk

- Задолжителен странски јазик е англискиот, а како втор задолжителен јазик, покрај германскиот понудени се Италијански и Француски јазик ( VI - IX ).
- Поделбата на одделенското раководство е дадена во табелата што следува, а поделбата на часовите ќе следува дополнително:

## Изборна настава

Изборните предмети кои ги нуди училиштето се привлечни и интересни. Нив ученикот може да ги избира уште од трето, а по правило,од четврто одделение. Доколку се случи да нема доволен интерес за одреден предмет што го сака ученикот, тогаш може да се определи за оној предмет за којшто се пријавени најмалку 15 ученика.

Истите се наменети за усвојување и надградување на знаењата во одредени подрачја, збогатување и систематизирање на искуството, за поврзување на теоретските знаења со практичните активности, како и за откривање на интересите на учениците за професиите и занимањата. Изборна настава во нашето училиште се организира по следните предмети:

| ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | ПАРАЛЕЛКИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Творештво[1] | | | | | | | |
| Градинарство/Холтикултура | | 2 | | | | | |
| Заштита на животната средина | | 3 | | | | | |
| Етика на религии | | | | 5 | | | |
| Класична култура на европската цивилизација | | | | 5 | | | |
| Италијански јазик | | | | 3 | 1 | 1 | 2 |
| Француски јазик | | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Германски јазик | | | | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Проекти од ликовната уметност | | | | | | 5 | |
| Проекти по техничко образование | | | | | 2 | 2 | |
| Проекти од музичка уметност | | | | | 3 | 3 | |
| Проекти од информатика | | | | | | | |
**на ООУ „Св. Климент Охридски“ - Битола за Првото полугодие за 2022/2023год.**

Полугодишен извештај од 01.09. 2022 год. до 01. јануари 2023 год.
Јас како контролор истакнувам дека: сите наставници кои вршеа проверки во електронскиот дневник, совесно, точно и навремено си ги извршуваа своите обврски, се трудеа навреме да ги внесат податоците во едневникот.

Водењето на електронската евиденција во едневникот е на завидно ниво за сите совети. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации.Податоците кои се проверувани се однесуваат на запишани часови, дежурни ученици, заведени оценки, поведение кај учениците. Другите податоци потребно е сами одделенските наставници да си ги проверат. Сите наставници да си ги проверат своите податоци во едневникот

**Контролор: Славица Костеска**

## Тим на ученичката заедница

| Ред.бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1 | Формиран ученички тим и разгледана програмата за работа на училишната заедница | септември | Целта на формирање на овој тим беше успешна работа на училишната заедница како и добро осмислување на активностите, а разгледувањето на програмата беше воведување на учениците во активностите за оваа учебна година. . |
| 2 | Формирање на Детски Парламент и избор на претседател<br><br>Членови на Ученичкиот парламент учествуваа на работилница во просториите на Општина Битола, на тема "Детско претстапништво" | октомври | Во рамки на училишната заедница беше формиран Детски Парламент и избран негов претседател. На овој состанок присуствуваше и<br>Директорот на нашето училиште. |
| 3 | Работилница со членовите на детскиот парламент на тема детските права | ноември | Преку постер презентација учениците ги претставија Правата на детето |
| 4 | Преседателот на ученичкиот парламент беше во посета на Општина Битола, каде се одржа работилница на тема"Детските права"<br><br>Дебатирање на членовите на ученичкиот парламент за состојбата во училиштето во однос на застапеноста и почитувањето на ученичките и детските права. | декември | Членови од детскиот парламент имаа можност преку оваа дебата да почуствуваат како е да се биде вистински парламентарец, секој имајќи можност да го искаже своето мислење и притоа да предложи идеа. |

Претседател на училишна заедница

***Христина Андоновски***

## Детска организација

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Свечен прием на учениците од прво одделение со пригодна програма | Формирање на паралелките и запознавње со одделенските раководители на првоодделенците | ООУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола | 01.09.2022 |
| Прием на првачињата во детската организација на Македонија со свечена заклетва.<br><br>Посета на јавна установа – Зоолошка градина - Битола | По повод Детската недела да им се посвети посебно внимание на децата во Р.Македонија со цел да се види што е сторено и што треба да се превземе за подобрување на грижата и заштитата на децата. | ООУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.С.Македонија | 08.10.2021. |

Координатор на Детската организација : Одд.Наставник Билјана Јованоска

### Тим за училишна библиотека

Библиотеката во предметна и одделенска настава во текот на учебната 2022/23 год. во целост ги реализираше предвидените проекти и активности предвидени со годишна- та програма за работењето на библиотеката.

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Делење на учебници | На почетокот од учебната година сите ученици добија бесплатни учебници. Учебниците постари од пет години беа заменети со нови учебнци. Дел од порачаните учебници не пристигнаа.За истите е изготвен записник. | Библиотекар | Од 1/9/2022 |
| Издавање на литература на ученици и наставници | Во текот на целото полугодие се вршеше издавање на литература на ученици и наставници од училиштето | Библиотекар | Од 1/9/2022 |
| Советодавна функција на библиотеката | Библиотеката вршеше советодавна функција при изработка на проекти на учениците | Библиотекар | Од 1/9/2022 |
| Соработка со сродни институции и библиотеки | Библиотеката активно соработува со матичната библиотека и други сродни институции преку промоции, презентации , размена на литература и друга соработка. | Библиотекар Сродни институции | Од 1/9/2022 |
| Електронско евидентирање на книжевниот фонд | Библиотеката врши редовно ажурирање и евидентирање на литературниот фонд. | Библиотекар | Од 1/9/2022 |
| Електронски изданија | Библиотеката врши редовно прибирање на литература во електронска форма | Библиотекар | Од 1/9/2022 |
| Набавување на литература и нејзино евиден-тирање | Училиштето во склопот на своите матријални можности врши набавка на литература и врши нејзино евидентирање . | Библиотекар | Од 1/9/2022 |
| Репарирање на оштете-ни книги | Тековно се репарираат оштетените книги | Библиотекар членови на | Од 1/9/2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | библиотекарска секција | |
| Одбележување месецот на книгата | Месецот на книгата беше одбележан преку презентации на книги на социјалните мрежи | Библиотекар | Од 15/10 до15/11/2022 |
| **Активности по повод патрониот празник** | Библиотеката зеде активно учество по повод патрониот празник,како и активности поврзани со издавањето на весникот „Светлини" | Библиотекар, одговорни наставници и членови на библиотекарска секција | 8/12/2022 |

## Полугодишен извештај за програмата за учење на отворено

Во текот првото полугодие на учебната 2022/2023 година, се реализираа следните видови активности

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Ликовни работилници- изработка на цртежи со еко пораки | - Изразување на чувствата<br>- Развивање на ликовните вештини<br>- Соработка со групата<br>- Социјализација<br>- изразување на идеите преку цртеж | наставници, ученици | септември |
| Изработка на нагледни средства од материјали од природата | - развивање на припадност кон природата<br>- развивање на социјализацијата и мотивацијата за учење | наставници, ученици | септември |
| Експерименти | - учење по пат на истражување | Наставници, ученици | Прво полугодие |
| Реализација на редовната настава во училниците во природа по различни предмети | - поврзување на предметите со природата како извор на учење<br>- промена на начинот на учење | Наставници, ученици | Прво полугодие |
| Истражување на видовите на растенија и животни на во околината на училиштето | - интеграција на различни редмети<br>- социјализација и мотивација за учење | Наставници, ученици | Прво полугодие |

**Координатори:**
**Виолета Стевановска**
**Гордана Анастасова**

## Тим за комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### *Тим за уредување на веб страната*

| Цели од годишната програма | Опис на активностите | Реализирано | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. Изработка на програма на тимот | Адаптирање и усогласување на програмата на тимот со протребите на училиштето | Наставници на тимот | Август 2022 |
| 2. Избор на тим -од ученици кои ќе учествуваат во уредувањето на веб страната | Вклучување на ученици од 6 и 7  одделение во уредувањето на веб страната, првично во средување на материјали кои ќе бидат поставени на страната | Наставници на тимот и ученици | Септември 2022 |
| 3. Обука на тимот од ученици | Октомври  2022 | Наставници на тимот и ученици | Подготвување на учениците за пополнување на веб страната |
| 4. Прибирање, уредување и поставување на нови содржини на веб страната | Збогатување на веб страната со нови содржини  со цел промоција на училиштето | Наставници на тимот и ученици | Тековно |
| 5. Изработка на полугодишен извештај | Анализа на работата на тимот за прво полугодие | Наставници на тимот | Јануари 2023 |

Координатор на тимот за веб страната: Атанас Пеев

### *Тим за претприемништво*

**ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ:** Даниела Петковска **- координатор,** Предраг Созовски- **директор,** Александар Јаневски, Марија Крстевска, Билјана Печипајковска, Виолета Стевановска, Дарко Аврамоски, Љубица Мушуланова Ристевска (родител)

Програмата која се подготвува пред почетокот на учебната година, во текот на првото полугодие е делумно реализирана. Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во прво полугодие:

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Изработка на план за активности за 2022/2023 година** | Да се прецизираат сите активности за работа на тимот за претприемништво Квалитетна и применлива програма | Тим за претприемништво Директор | Јуни 2022 |
| Организација на претприемачки панаѓур | Да се истакнат сите идеи на учениците и да се поттикне претприемачкото размислување кај нив | Тим за претприемништво Директор Ученици од Iдо IX одделение | Активноста не е реализирана |
| Посета на обуки и работилници за претприемништво | Да се стекнат искуства и знаења од областа на претприемништвото | Институции и граѓански организации кои се организатори на обуки и работилници | Септември2022/ јуни 2023 |
| Анализа на работата на тимот и реализација на програмата | Успешна соработка помеѓу членовите на тимот Реализирана програма | Тим за претприемништво | Септември2022/ јуни 2023 |
| Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот | Известување самоевалуација на крајот од првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата за работа | Координатор на тимот за претприемништво | Декември 2022 |

**Координатор на тимот за претприемништво-**
**Даниела Петковска**

### *Тим за прослави и приредби*

| Цели од годишната програма на тимот 2022/2023 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Приредба по повод - Прием на првачињата во Детската организација** | **РЕАЛИЗИРАНО** | **8 октомври** | **Под мотото „Другарството е дел од детската среќа“ учениците од прво одделение дадоа свечена заклетва и станаа дел од Светската детска организација. Беше реализирана свечена програма во просториите на училиштето од страна на поголемите ученици.** | **/** |
| **Приредби по повод Денот на училиштето** | **РЕАЛИЗИРАНО** | 07.12.2021 година | **По повод Денот на училиштето, под мотото „Да си подадеме рака“ во оваа учебна година успешно се реализираа следниве активности:**<br>**-Се распиша литературен и ликовен конкурс на тема „Да си подадеме рака“ Најдобрите литературни и ликовни творби беа наградени.**<br>**-Доделување на наградите од ликовниот и литературниот конкурс беа доделеени на официјалниот настан во НуТеатар-Битола**<br>**-Подготовка и издавање на училишниот весник „Светлини“.**<br>**- Реализирана е пригодна програма со која се одбележа Денот на училиштето.Во просториите на училиштето сите стручни активи по претходно подготвен распоред ги презентираа своите активности. Во вечерната програма во НУ Театар-Битола се реализира свечен настана на кој свое учество зедоа хорот и оркестарот на училиштето, Драмската секција, Рецитал, Балетската секција, а беа доделени и наградите од распишаниот конкурс.** | / |
| **Претприемнички настан** | **НЕРЕАЛИЗИРАНО** | | **Настанот ќе се реализира во второто полугодие во пресрет на Велигденските празници** | Заради временските услови се одлага |

**Изработил:**
Претседател на тимот за просави и приредби
**Александар Јаневски**

## *Тим за соработка со локалната заедница*

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** Активности од Erasmus проект | Подобрени услови во училиштето . | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,родители | 05.7 2022 |
| **2.** Во основното училиште „Свети Климент Охридски“ се формирани три паралелки во шесто одделение, во кои ќе се изучува италијанскиот јазик како изборен предмет, со што изучувањето на овој јазик во училиштето ќе биде застапено во сите паралелки до 9 то одделение, а идната година, во Битола, ќе има и прва паралелка во средно образование, каде ќе се изучува италијански јазик. | . Подобрени услови во училиштето . | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,родители | 15.7 2022 |
| **3** .Реализирана посета на концертот на барокна музика на познатиот италијански ансамбл „Академиа Бизантина“. Концертот беше во организација на Амбасадорот на Италија, Н.Е Андреа Силвестри и Италијанскиот Институт за култура во Белград, во соработка со Канцеларијата на Конзуларниот кореспондент на Амбасадата на Италија во Битола, г-н Зоран Ристевски. | Подобрени услови во училиштето, | . Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,директор | 15.07 2022 |
| **4.** Во периодот од 20-25.07.2022 учениците од IV-5 одд.Илија Кимев,Јана Наумова,Горазд Бичевски и Ива Неделковска со нивната наставничка Снежана Стојанова учествуваа на детската ликовна работилница „Народната култура – трајна инспирација во моето творештво“,како дел од програмата на „Илинденски денови" | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,директор | 25.07 2022 |
| **5.** Прием на првачина | Подобрени услови во училиштето . | Директор,наставници, родители, Тера телевизија | 01.09 2022 |
| **6.** Реализирана донација во 10те најголеми основни училишта низ земјата. Секое првачe доби изненадување, пакет од најслаткото чоколадно млеко со полн вкус на вистинско чоколадо - „Моја Кравица" | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со млекарата Bimilk | 5.09 2022 |
| **7** .НУУБ“СвКлимент Охридски“ – Битола ја продолжува кампањата за доделување на Ваучери за едногодишна бесплатна членарина на сите ученици од прво одделение во основните училиште . | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, директори,наставници, ученици | 05.09 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.** Европски денови на културно наследство во НУ Завод и музеј Битола Прекрасен ден со музејските истражувачи од ООУ Климент Охридски, ученици од IV-5, одделенски раководител Венета Јоновска. Истажувавме, научивме, се забавувавме, се натпреварувавме, прошетавме по Широк Сокак и го посетивме Културно информативниот центар- Палатата на културата Офицерски дом. | Подобрени услови во училиштето,стекнува ње на нови знаења кај учениците | Соработка со НУ Завод и музеј, установи и претпријатија директор,наставници, ученици, родители | 27.09 2021 |
| **9.** Посета и реализирани активности со учениците, професорите и наставничките од второ одд. На Педагошкиот факултет во Битола по повод Денот на учителот. | Подобрени услови во училиштето,стекнува ње на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, директори,наставници, ученици | 05.10. 2022 |
| **10.** Посета на работно место Советник за образование во Општина Новаци и дружење со второодделенците од ООУ „Славко Лумбарковски“. „Да ги запознаеме професиите на нашите родители“-проект на II-5 и наставничката Печипајковска Билјана Благодарност до домаќините Мирјана Хаџиевска, Општина Новаци, директорот на училиштето Вецко Стојчевски и одделенски наставник Аница Тодоровска . | . Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со установи , директор,наставници,ученици,родители | 10.10 2022 |
| **11.** По повод Еразмус Денови на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност во нашето училиште беше презентиран проектот „Роботиката вчера, денес, утре“ . Беше реализирана креативна работилница со учениците од прво, шесто и седмо одделение. Координаторот и члeновите на тимот преку игри и дружба ги споделија своите Еразмус приказни, искуства и идни Еразмус планови. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со установи , директор,наставници,ученици,родители | 13.10 2021 |
| **12.** Посета на СН Сообраќајниот центар учениците од ооддeлението II-5 од ОУ „Климент Охридски“- Битола, не посетија како дел од наставната програма на тема „Запознавање со професиите | Подобрени услови во училиштето,стекнува ње на нови знаења кај учениците. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,дир ектор,професори | 18.10 2022 |
| **13.** Одбележување XXII издание на Светската недела на јазик, чија тема годинава е: ,,Италијанскиот јазик и младите". | Развивање на свеста кај учениците. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, директор,наставници | 19.10 2022 |
| **14.** Ученици од IV-5 паралелка беа вклучени во проект ,,Децата не се раѓаат со предрасуди" зад кои стои Глада Худик Театар од Шведска. Беше проследен филмот ,,Колку брусници има | Развивање на свеста кај учениците. | Директор,наставници, ученици, | 20.10 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на светот" и реализирана работилница на тема: ПРОМОВИРАМЕ ЕДНАКВА ВРЕДНОСТ ЗА СИТЕ. | | | |
| **15** На 15-ти октомври во Риека, беше отворена манифестацијата „Денови на македонската култура" во Хрватска, во организација на Македонското културно друштво „Илинден" од Риека и Хрватското книжевно друштво. Манифестацијата беше отворена со промоцијата на книгата „Крст, триаголник и круг" од Мирјана Стојановска, наставничка по македонски јазик во нашето училиште. Преводот на книгата го направи поетесата Дарија Жилиќ од Загреб.<br>Меѓу гостите на манифестацијата беше заменик амбасадорот на РСМ во Загреб Маја Апостолова, градоначалникот на Риека Марко Филиповиќ како и претседателите на Заедниците на Македонците од други градови во Истра. Иницирана е соработка на сите нивоа со градот Риека и збратимување со градот Осиек. | Подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, | 20.10 2022 |
| **16.** о рамките на XXII Недела на италијански јазик во светот, нашите ученици Илијана Најдовска од 9-5 одд и Матеј Ѓуровски од 9-3 одд учествуваа на државниот квиз за 9 одд организиран од Здружението на професори по италијански јазик и Амбасадата на Италија во Скопје. Ученичката Илијана Најдовска го освои ПРВОТО место, додека ученикот Матеј Ѓуровски го освои ВТОРОТО место. Честитки за учениците и нивниот ментор Маја М.Кулевска. | Развивање на свеста и мотивацијата кај учениците и подигање на културно-образовното ниво | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, | 20.10 2022 |
| **17.** Во посета на СБМ-Битола беше генерацијата од петто одделение на ООУ„Св.Климент Охридски“-Битола со своите одделенски наставници Снежана Стојанова, Ана Здравкова, Сузана Дишковска, Елица Митревска и Александар Степановски. Учениците се запознаа со работењето на организацијата и некои историски настани од НОБ. Потоа полагаа цвеќе пред споменикот на Стив Наумов каде претседателот Стефан Бошков ги запозна со животот и делото на херојот. Исто така, ги посетија и останатите спомен-бисти на Шеталиштето каде положија цвеќе и цртаа слики од историски настани.<br><br>Претседателот на СБМ-Битола, другарот Стефан Бошков и директорот на ООУ | Подобрени услови во училиштето,развивањ е на свеста кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, психолог. | 21.10 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Св.Климент Охрдиски“ - Битола, г-дин Предраг Созовски потпишаа меморандум за идна соработка. СБМ-Битола изразува големо задоволство за активностите на наставниците и учениците од ова училиште во зачувување и продолжување на почитувањето на традициите од НОАВМ. | | | |
| **18**" Посетата на вторачињата на Зоолошката градина. Заедно со нивните наставнички Елена Угарчева,Велика Дуковска, Валентина Велјановска,Ана Спирова.К, Билјана Печипајковска | Развивање на свеста кај учениците и стекнување на нови знаења. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици. | 22.10 2022 |
| **19.** Како дел од активностите на Еразмус+ проектот „Дигитален КОВИД-19 Акцелератор во училиштето", се одржува мобилност во Валенсија, Шпанија.<br>На истата се присутни учениците од VI одделение од нашето училиште предводени од координаторот Гордана Анастасова и членовите на тимот Љупка Петкова и Даниела Петковска.<br>На оваа мобилност учениците ќе се стекнат со ИТ компетенции кои ќе ги споделат со останатите ученици. | Подигнато културно - образовното ниво кај учениците, вработените и локалното население | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици | 24.10 2022 |
| 20**.** Во соработка со Центарот за јавно здравје во Битола и педагошко-психолошката служба на нашето училиште беше организирано предавање за учениците од VII и VIII одделение на тема: Болести на зависност „Пушење".<br>Предавањето беше организирано се со цел учениците да се запознаат со поимот на зависност, штетните последици од пушењето и како да не потпаѓаат на маркетинг триковите кои го промовираат пушењето. Учениците имаа активно учество во текот на самото предавање со поставување на прашања и давање на идеи како да се заштитат од истото.<br>Благодарност до ЦЈЗ-Битола што секогаш се достапни за нашите ученици и се радуваме на претстојните идни соработки. | Развивање на свеста кај учениците и стекнување на нови знаења. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици. | 31.10 2022 |
| **21.** Во пресрет на 4 Ноември, Денот на ослободувањето на градот Битола, учениците од прво одделение од нашето училиште ја посетија бистата на д-р Трифун Пановски и положија цвеќе. Преку песна му се заблагодарија за неговото дело и за денешната слобода. | Стекнување на нови знаења кај учениците. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, доктор,стручни соработници. | **04.11 2022** |
| **22.** На одржаната традиционална ноќна по повод празникот на градот, 4-ти Ноември нашето училиште освои голем | Подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и | 04.11 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| број на индивидуални награди и го освои третото екипно место.Честитки за сите наши ученици и нивните ментори. | | институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | |
| **23** Фестивалот на малата школа на краткометражен филм неделава е во нашиот град. Организиран е од Меѓународниот филмски фестивал од Нанси, Франција. Второто издание во Битола се одржа благодарејќи на поддршката од Општина Битола. Учениците по француски јазик од нашето училиште заедно со наставничката Маја М.Кулевска, како и учениците од V-5 одд со наставничката Снежана Стојанова го посетија фестивалот за краток филм и дискутираа за презентираните филмови со организаторите на Фестивалот. | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 04.11 2022 |
| **24.** Нашите ученици беа дел од настаните кои се реализираа во чест на 4 Ноември-Денот на ослободувањето на градот Битола. | Подобрени услови во училиштето.<br><br>Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 04.11 2022 |
| **25.** Во соработка со Општина Битола, учениците од IV одделение, со своите наставнички беа во посета на Општината и ги проширија своите знаења по предметот "Историја и општество".Учениците беа срдечно пречекани од вработените, го посетија Советот на општината, проследија дел од работата на комисиите и некои сектори во Општината. Во знак на благодарност, учениците со свои лични творби за градот се претставија пред вработените. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 08.11 2022 |
| **26.** Проект - Фудбал во училишта<br>Носител - Фудбалска федерација на Македонија<br>Учениците од 2 и 3 одд при основното училиште Св. Климент Охридски - Битола , реализираа активности заедно со нивните наставници по физичко и здравствено образование, Никола Трајчевски и Дарко Најдовски . | Развивање на свеста и мотивацијата кај учениците и подигање на културно-образовното ниво | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | 10.11 2022 |
| **27.** Второчињата за природата…<br>Можеме толку многу да направиме за природата, затоа што таа прави многу за нас. Но, прашањето е КОГА?<br>Кога, ако не од најмала возраст. Децата треба да учат колку вреди, колку треба да ја сакаме и штитиме природата.<br>Второчињата денес направија многу за неа, посадија млади садници, а до секое од нив порака за нивно зачувување.<br>Овие садници ќе бидат мотив за радост кај секој од нас гледајќи ги како растат. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници, директори, ученици, стручни соработници.<br>**Ј.П Комуналец Битола** | 11.11 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Растенијата и децата се многу слични, а постојат за да го прават светот поубав. | | | |
| **28.** II-5 продолжува за природата.<br>Во соработка со ЈП Национални шуми ПШС „Кајмакчалан" Битола, Александра Јовановска-шумарски инженер и нејзините колеги, на терен пошумуваа и учеа да ја сакаат природата. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Во соработка со ЈП Национални шуми ПШС „Кајмакчалан" Битола, Александра Јовановска-шумарски инженер. | 14.11 2022 |
| **29.** Учениците од петто пет одделение, заедно со нивната наставничка Снежана Стојанова во соработка со Центар за човекови права „Амос"-Битола реализираа работилница на тема „Детски права" и на тој начин, достојно го одбележаа Меѓународниот ден против секаков вид насилство врз децата (19 ноември) и Меѓународниот ден на детето (20 ноември). | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. Центар за човекови права „Амос"-Битола | 14.11 2022 |
| **30.** Продолжува соработката со Центарот за човекови права АМОС преку реализирање на проектот Учиме за детските права. Благодарност до Билјана Бековска за работилницата со учениците од прво два | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници, Центар за човекови права „Амос"-Битола | 16.11.2022 |
| **31.** „ Учениците од трето одделение во месецот на книгата, со цел да се поттикне и развие љубовта кон книгите, ја посетија НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола.<br>Учениците ги разгледаа магацините со книги, музејот на библиотеката, роднокрајниот оддел, одделот периодика и дробен печат. После прошетката низ библиотеката, библиотекарите им прочитаа две прекрасни сликовници „Вики и очилата“ и „Носот на куклата“, од кои може многу да се научи.<br>Децата се полни со креативност, нив и ситните работи ги прават среќни. Во играта тие знаат да бидат најсреќни. Не им требаат скапи играчки, туку уникатни, кои би ги направиле сами со помош на возрасните. А точно за тоа се зборува во сликовницата „Носот на куклата“. За тоа да им го покаже, библиотекарката од лист хартија направи топка и сите почнаа да си ја подаваат книжната топка. На детските лица се појави огромна насмевка.<br>Децата секогаш се стремат да бидат како возрасните, тие се нивните идоли. Токму за ова се зборува во сликовницата „Вики и очилата“.<br>Каков пример ќе им оставиме ние на децата, останува на нас! | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници., НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола. | 16.11 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 32. Дел од деветтоодделенците имаа можност да се дел од работилница во организација на Младите МОЖАТ - Youth Can кои се одржуваат во основните и средните училишта во општина Битола, а се од областите за волонтирање, активизам, кариерен развој и ментално здравје. На крајот од работилницата учениците беа задоволни од можноста да се стекнат со нови искуства и знаења | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **18.11 2022** |
| **33.** Дел од нашите ученици од VII одделение заедно со педагошко-психолошката служба во нашето училиште учествуваа на трибината по повод одбележувањето на Светскиот ден за превенција од насилство врз деца, под наслов ,,НЕ за врсничкото насилство". Настанот беше во организација на Правна клиника - Правен факултет УКЛО и Rotary Club Bitola Pelister во кој учествуваа повеќе од деведесет деца од основните училишта во Битола. Учениците стекнаа знаење за тоа што е насилно однесување, кој се може да биде жртва, за облиците и причините на насилството, за знаците на претрпено насилство како и за подигнување на свеста за сериозноста и честотата на оваа појава. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници, Правна клиника - Правен факултет УКЛО и Rotary Club Bitola Pelister | **18.11 2022** |
| **34.**. Проект - Фудбал во училишта Носител - Фудбалска федерација на Македонија Учениците од 4 и 5 одд при основното училиште Св. Климент Охридски - Битола , реализираа активности заедно со нивните наставници по физичко и здравствено образование. | Развивање на свеста и мотивацијата кај учениците и подигање на културно-образовното ниво . | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **19.11 2022** |
| **35.** На 23 Ноември во Офицерски дом - Битола, се одржа првиот ,,Саем на Креативни Индустрии". На саемот изложуваа повеќе претставници на креативни индустрии од Битола и пошироко и тоа мода, уметност, музика, дизајн, накит, храна, играчки, уникатни креации, литература и друго. Нашите ученици од 8мо одд со наставничката по Ликовно образование, Ленче Крстеска го посетија овој интересен и уникатен настан. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **23.11 2022** |
| **36.** Работна средба на регионалното стручно тело за функционална проценка(МКФ) на Пелагонискиот регион со специјалниот едукатор и рехабилитатор од нашето училиште | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **24.11 2022** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **37.** Во соработка со СВР Битола во просториите на нашето училиште, во присуство на ученици од седмо одделение се реализира предавање на тема: ,,Заштита од сајбер насилство" | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **25.11 2022** |
| 38. Во салата за изложби во НУ Завод и музеј во Битола беше отворена мултисензорната изложба „Музеј за сите“ под мотото ,,Сликите можат да се допрат, сликите зборуваат“, на која се презентирани 16 предмети од постојаната поставка на битолскиот мизеј, превод на Браево писмо реализиран од нашиот специјален едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска и отварање на изложбата од нашата ученичка Барбара Василевска | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници, НУ Завод и музеј во Битола | **25.11 2022** |
| **39.** Успешно завршена мобилност од Еразмус+ - Роботиката вчера, денес и утре и влијанието врз климатските промени - во Тенерифе на која учествуваа наши ученици и наставници | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **26-30.11 2022** |
| **40.** Да се запознаеме со професиите на нашите родители“-проект на II-5 одделение<br>Уште еден убаво поминат есенски ден. Се запознавме и научивме за професијата возач на камион.<br>Шетаме, учиме, се забавуваме. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со родители, соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **27.11 2022** |
| **41.** Во нашето училиште се одржа обука за прва помош, организирана од ОО Црвен Крст- Битола , а беше наменета за учениците и наставниците. Им благодариме за успешната презентација со која ни помогнаа како да постапиме во случај кога некој има потреба од прва помош. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници, ОО Црвен Крст- Битола | **28.11 2022** |
| **43.** Во соработка со Центарот за јавно здравје – Битола, во нашето училиште, се одржа настан посветен на „Ден за борба против сидата“.<br>Носител на овој настан беа членовите на училишното радио под менторство на наставничката, Оливера Илиевска | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **1.12.2022** |
| **44.** Од најмала возраст ги учиме учениците да ги почитуваат различностите. По повод денот на лицата со попреченост се реализира активност со учениците од I-2 со дефектолог на тема ,,Сите сме еднакви" | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **2.12 2022** |
| 45. По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во организација на Здружението за хумантитарни дејности, Лајонс клуб „Кабадаја“ од Битола, денес се одржа традиционалниот Марш низ Широк сокак. Дел од овој настан беа над 400 учесници меѓу кои и ученици од нашето училиште, кои потоа | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **5.12 2022** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ја проследија културно забавната програма пред Офицерскиот дом, каде во знак на поддршка на лицата со попреченост под мотото „Обои ме во пријател“, беа пуштени балони во различни бои. | | | |
| **46.** Тимот на ПЛАТФОРМА ЗЕМИ ЗДИВ го посети нашето училиште, со што официјално сме дел од акцијата @1000шумиОд1Желад🌳 | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | **9 .12 2022** |
| **47.** Не сме сите створени да правиме големи работи. Но, затоа можеме да правиме мали работи со многу љубов.“ Им благодариме на Rotary Club Bitola Pelister и Ciflik Winery за нивната хуманост и поддршката која ја даваат за нашите ученици. | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници, Rotary Club Bitola Pelister и Ciflik Winery . | 20.12 2022 |
| **48**.Одбележан Патронатот на училиштето | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници,соработка со Тера телевизија | 8.11 2022 |
| **49.** Се запознаваме со професијата музичар (Александар Талевски), (ученици од II-5) . | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници Анета Мицевска Молика, аГрупа Молика | 23.12 2022 |

Подготвил: Координатор на проектот- Елена Угарчева

### *Тим за соработка со НВО*

Во текот на првото полугодие во учебната 2022/2023 година во нашето училиште се одржаа неколку настани кои беа во соработка со неколку различни невладини организации.

Во соработка со Центарот за човекови права „АМОС“ од Битола – Биљана Бејковска, психологот од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ го одбележавме Меѓународниот ден на детето 20 ноември на свечен начин. Активноста се реализира со група ученици од V-5 одд. и наставничката Снежана Стојанова. Активноста се реализира според сите протоколи.

3-ти декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост беше одбележан во соработка со Лајонс клубот Кабадаја од Битола во IX-5 одделение.

Координатор на тимот:

## Полугодишни извештаи од стручни активи за учебната 2022/2023 година

### Извештај за работата на дневниот престој

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| ***Воспитание за животната средина*** | Оваа активност вклучува учење за животната средина и екосистемите на нашата планета. Дискутирање за пожелно и несакано однесување, односи со себеси и животната средина, методи на комуникација, традицијата и модернизацијата, нашето присуство на планетата и неодговорното однесување, поврзаноста помеѓу човекот и природата, услови за живот на растенијата и животните и сл.<br>Исто така ги осознаваат основите на добрите манири, правата, должностите, емоциите.. | Наставниците во дневниот престој | Септември 2022 год. |
| ***Моливот пишува со срцето*** | Оваа област има за цел да им помогне на учениците да се справат со теми пропишани со наставната програма, но исто така, да се прошират нивните литературни знаења. Преку оваа активност, учениците ќе ги развиваат способностите на изразување, комуникациските вештини, развивање на вештини за емоционално искуство и разбирање на литературниот израз, учење на нови термини (збогатување на речникот) | Наставниците во дневниот престој | Октомври 2022 год. |
| **Креативни активости** | Креативни активости е ликовна секција преку која учениците со помош на форми и бои ги изразуваат своите визии, чувства, желби и потреби. | Наставниците во дневниот престој | Од 01. Септември до 30. Декември 2022год |

Одговорни наставници:
Марина Кочовска
Ирена Георгиевска
Анкица Стевановска
Билјана Костовска

## Стручен актив на прво одделение

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Донесување и усвојувањена програмата за работа во учебната 2022/2023 година. | Донесување на програма на стручниот актив; Подобрување на квалитетот на работата на активот. | Стручен актив наI одделение | АВГУСТ |
| Разгледување на новите наставни програми и промени и разговор околку подготовките на годишните, тематските и дневните распределенија | Изработка на годишно планирање на редовната наставаи вонннаставни активности. Осовременување на наставата  ипримена на новата концепција и програма за учебната 2022/2023 | Стручен актив наI одделение | АВГУСТ |
| Прием на учениците | Формирање на паралелки | Стручен актив на I одделение, ППС и специјален едукатор и рехабилитатор, директор | СЕПТЕМВРИ |
| Договор околу еднодневниот излет | Дружење и развивање на еколошката свест | Стручен актив на I одделение, директор | СЕПТЕМВРИ |
| Прием на учениците во Детската организација | Запознавање на учениците со своите права и одговорности | Стручен актив на I одделение и одговорен наставник на Детската организација | ОКТОМВРИ |
| Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување | Изработка на електронска форма наевидентен лист | Стручен актив наI одделение | ОКТОМВРИ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Договор за активности со учениците по повод Денот на училиштето; | Учество на активот во подготовките за обележување на Денот на училиштето | Стручен актив наI одделение | ОКТОМВРИ |
| Договор за текстовите кои ќе бидат објавени во весникот Светлини | Учество со текстови во весникот Светлини | Стручен актив наI одделение | ОКТОМВРИ |
| Одбележување на 4 Ноември – денот на ослободување на Битола | Полагање цвеќе на бистата на др Трифун Пановски | Стручен актив наI одделение | НОЕМВРИ |
| Посета на градската библиотека Св. Климент Охридски | Запознавање со институцијата, нивната работа | Стручен актив на I одделение | НОЕМВРИ |
| Активности за Денот на училиштето. | Учество на активот во обележување на Денот на училиштето; | Стручен актив на I одделение | ДЕКЕМВРИ |
| Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување | Изработка на евидентните листови | Стручен актив на I одделение | ДЕКЕМВРИ |

Претседател
Гордана Анастасова

## Стручен актив на второ одделение

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1.Избор на претседател на Активот во II одделение.<br>2.Донесување и усвојување на програмата за работа во учебната 2022/2023година.<br>3.Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето,Развојниот план на училиштето и Годишниот извештај.<br>4.Договор за користење на учебници и дополнителна литература за учебната 2022/2023 година, одобрени од МОН<br>5. Разгледување на новите наставни програми и промени и разговор околку подготовките на годишните, тематските и дневните распределенија | .1.Формирање на стручен актив во II одд.<br>2.Донесување на програма на стручниот актив;<br>3.Изнесување мислење за Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и имплементација на планираните активности во програмата на стручниот актив;<br>4.Избор на учебници и дополнителна литература.<br>5.Изработка на годишно планирање на редовната настава и воннаставни активности | Директор<br>Педагошка служба<br>Наставници од второ одделение<br>претседател:Угарчева Елена<br>-презентирана и усвоена програмата за работа<br>-разгледани се: предлог Годишната програма за работа на училиштето, Развојниот план на училиштето и Годишниот извештај<br>- учебниците кои ќе се користатво новата година сеуште не се пристигнати<br>- Новите наставни програми се добро разгледани и веќе поголемиот дел од планирањата се сработени.<br>.Обука на наставниците за планирање и реализација на Наставните содржини од новата концепција за II одделение.<br>2. Обука на наставниците за Медиумска писменост.<br>На обуките беа присутни сите наставници кои предаваат во второ одделение | **август** |
| 1.Усогласување на индивидуалните критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за оценување на учениците<br>2.Вметнување избрани точки на акција од програмите за “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”<br>“ Меѓуетничка интеграција “<br>3.Изработка на ИОП<br>4.Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | 1.Изработка на инструменти за континуирано следење, проверување и оценување на напредувањата на учениците.<br>2.Изработка на програмите за МИО и ЕКО;<br>3.Изработка на ИОП и програма за работа со деца со потешкотии;<br>4.Извештај на евентуалните одржани семинари и советувања за наставниците (пренесување на сознанијата); | Директор<br>Педагошка служба<br>Наставници од второ одделение<br>Беа разгледани и усогласени, веќе изработените планирања.<br>-Исто така беа разгледани и договорени инструментите за оценување на учениците.<br>-Ги потврдивме и програмите за еколошката едукација и меѓуетничка интеграција.<br>- наставниците позитивно се изјаснија во врска со новите материјали за работа и нивната употреба<br>- Според насоките на специјалниот едукатор, Андријана Шокларовска, изработени сè | **септември** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.Отворен час:<br>Македонски ј.<br>Како поздравувавам<br>Цели:<br>-да научат како да поздравуваат, според делот од денот<br>*Посета на библиотека и театар | 5. Осовременување на воспитно – образовниот процес преку реализирање на отворен час<br>*Запознавање со институциите и нивната работа | ИОП програми.<br>Отворен час не е реализиран и е одложен за второ полугодие.<br>Посетата е одложена за второ полугодие. | |
| 1..Размена на искуства и мислења при реализација на новите програми;<br>2.Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување;<br>3.Посета на пазар | 1.Подобрување на наставата<br>2..Изработка на електронска форма на евидентен лист<br>*Запознавање со производите од пазар | Директор<br>Педагошка служба<br>Наставници од второ одделение<br>Наставната програма тековно се реализира.<br>Се договоривме за содржината на евидентните листови, според покажаните резултати на учениците. Истите ќе бидат внесени во електронскиот дневник, од каде родителите ќе можат да ги видат и обележат како прегледани.<br>Посетата на пазар беше одложена за наредниот период, но беше реализирана посета на Зоолошката градина во Битола,со сите ученици од второ одделение како заокружување на стекнатите знаења од изучувањето на темата за Живеалишта по природни науки.<br>1.Обука на тема „Инклузивни училишта од теорија до пракса“<br>.Обука на тема „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата”<br>На обуките беа присутни сите наставници кои предаваат во второ одделение | октомври |
| 1.Договор за активности со учениците по повод Денот на училиштето;<br>2.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие;<br>3.Утврдување на критериумите за оценување на учениците;<br>4.Отворен час-Македонски јазик | 1.Учество на активот во подготовките за обележување на Денот на училиштето;<br>2.Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие;<br>3.Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците;<br>4.Осовременување на | Директор<br>Педагошка служба<br>Наставници од второ одделение<br>Денот на училиштето со вторите одделенија ќе се одбележи со ликовни работолници,изработки на мото секој со своето одделение и заедничка музичка точка со сите ученици.<br>-Заклучивме дека успехот и поведението задоволува во сите | ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Во зеленчуковата градина(драмски текст)<br>Цели-да знаат што спаѓа во здрава храна, како се конзумираат<br>*Посета на институции (брза помош, пожарна, полиција) | воспитно – образовниот процес преку реализирање на отворен час<br>*Запознавање со институциите и нивната работа | паралелки со мали исклучоци.<br>-Исто така на ниво на Совет дадовме предлози за поуспешна реализација на наставата и поголем успех на учениците.<br>-Отворениот час е одложен за второ полугодие.<br>*Беше реализирана посета на Педагошки факултет во Битола,со сите ученици од второ одделение по повод Денот на учителот.<br>*Беше реализирана активност со сите вторачина Засадување на садници низ школскиот двор. | |
| 1.Активности за Денот на училиштето.<br>3.Анализа на успехот и поведението на крај на првото полугодие.<br>4.Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување<br>5.Отворен час:Математика: Користење дијаграм и пиктограм со практични средства<br>Цели:<br>-да одговара на прашања со издвојување и организирање на податоците на различни начини.<br>-да селектира и групира отпадоци.<br>-да ја развива еколошката свест.<br>1. *Посета на болница,театар | 1.Учество на активот во обележување на Денот на училиштето;<br>2.Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците;<br>3.Анализа на реализираноста на наставната програмата.<br>4.Изработка на евидентните листови<br>5.Осовременување на воспитно – образовниот процес преку реализирање на отворен час<br>* Запознавање со институцијата | Директор<br>Педагошка служба<br>Наставници од второ одделение<br>Учениците успешно го одбележаа Патронот на училиштето<br>- Успехот и поведението на крајот на првото полугодие е многу подобар и учениците добро напредуваат со мали исклучоци кај поединци.<br>-Подготвивме искази за евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување.<br>-Отворениот час е одложен за второ полугодие. | декември |

## Стручен актив на трето одделение

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1.Избор на претседател на стручен актив на трето одделение;<br>2. Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година;<br>3. Изработка програма за професионален развој на ниво на стручен актив | Донесување на програми, инструменти, материјали на наставниците од стручниот актив<br><br>Изготвување програма за професионален развој | Стручен актив на трето одделение | 26.08.2022 |
| 1.Разговор околу подготвувањето на годишните, тематските и дневните планирања, усогласување на критериумите за оценување на учениците и разговор за инструментите за оценување.<br>2. Унапредување на системот за информирање на ро дителите | Разгледување на новите наставни програми, промена и дополнување на старите, размена и споделување на искуства меѓу колегите<br><br>Подобрување на комуникацијата со родителите со користење на социјалните мрежи, изработка на инструменти за евидентирање на индивидуалните средби со родителите | Стручен актив на трето одделение | 31.08.2022 |
| 1.Размена на искуства и мислења при реализација на наставните содржини-форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување;<br>2.Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за првото тримесечје | Унапредување на воспитно - образовниот процес<br><br>Изготвени евидентни листови според целите предвидени во програмата. | Стручен актив на трето одделение | 27.10.2022 |
| 1. Посета на обука на тема:Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата | Професионално усовршување на наставниците | БРО | 3, 4, 23, 24 . 11. 2022год.<br><br>7, 8 .12. 2022год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Посета на Градската библиотека<br><br>3.Активности на стручниот актив на трето одделение по повод Денот на училиштето<br><br>4.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје | Запознавање со работата на оваа културна институција Развивање на навики кај учениците за читање на книги од најмала возраст<br><br>Подготвување на активностите со кои активот ќе се претстави на овој ден<br><br>Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје и давање предлог мерки за подобрување на успехот на учениците | Стручен актив на трето одделение | 15.11. 2022год.<br><br>21 11. 2022год. |
| 1.Активности за Денот на училиштето<br><br>2. Анализа на успехот и поведението на крајот на прво полугодие<br><br>3.Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за прво полугодие.<br><br>4.Изработка на полугодишен извештај од работата на стручниот актив<br><br>5. Отворен час по ликовно образование<br>НЕ: сликање со пегла-енкаустика | Учество на стручниот актив на трето одделение во одбележувањето на Денот на училиштето со ликовна работилница<br>Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие давање предлог мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците<br>Изготвени евидентни листови според целите предвидени во програмата.<br><br>Изработка на извештај,<br>Учениците да се запознаат со нови техники во нас. по ликовно обр. Да ги користат боите креативно, да ги изразат слободно своите фантазии со помош на ликовниот јазик | Стручен актив на трето одделение<br><br>Одд.наставник Верка Наумовска | 7.12.2022<br><br>15.12.2022 год.<br><br>23. 12. 2022 год. |

Подготвил: Одд. наставник – Жанета Лутовска

## Стручен актив на четврто одделение

| Активност | Цели | РЕАЛИЗАТОР И | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦ ИЈА |
|---|---|---|---|
| Потврдување на претседателот на активот. Разгледување на програмата за работа на стручниот актив на трето одделение. Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето. | Успешна работа на стручниот актив на четврто одделение и давање придонес на активот кон успешна работа на Училиштето | Стручен актив на IV одделение | Август,2022 год. |
| Консултација околу подготвувањето на годишните, тематските, дневните планирања и останата педагошка евиденција. Предлог иновации за подобрување на наставата | Разгледување на новите наставни програми, промена и дополнување на старите. | Стручен актив на IV одделение | Август,2022год. |
| Изработка на програма на стручниот актив, инструменти потребни материјали за работа | Подобрување на квалитетот на работата на стручниот актив. | Стручен актив на IV одделение | Август,2022год. |
| Планирање и подготовка на наставни средства и наставни помагала | Договор за набавка на потребни материјали за четврто одделение. | Стручен актив на IV одделение | Август,2022год. |
| Консултација и размена на искуства и мислења при реализацијата на наставни содржини, форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување. | Примена на иновации и нови методи и техники на учење, објективно вреднување на постигањата на учениците. | Стручен актив на IV одделение | Септември,2022год. |
| Изработка на програма за Професионален развој на наставниците | Изготвување програма за професионален развој | Стручен актив на IV одделение | Септември,2022год. |
| Разговор за начинот на комуникација со родителите на постоечките затворени социјални мрежи и изработка на инструменти за | Се изработија инструменти за индивидуални и групни родителски средби и договор з начинот на комуникација со родителите | Стручен актив на IV одделение | Септември 2022год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| евидентирање на индивидуални средби со родителите | | | |
| Договор за реализирање активности по повод Денот на училиштето | Учество на активот во достојното одбележување на Патрониот празник на училиштето по чиј повод традиционално се распиша литературен и ликовен конкурс, а оваа година конкурсот беше на тема „Да си подадеме рака“. | Стручен актив на IV одделение | Октомври,2022год. |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од прво тримесечие | Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие, се дискутираше за проблематичните ученици, се размена мислење и искуство меѓу членовите на активот на таа тема. | Стручен актив на IV одделение | Ноември, 2022год. |
| Акредитирана Обука од БРО „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“ | Дводневна обука, од која наставниците се запознаа со иновативни интерактивни пристапи,посебно со моделот„Превртена училница“ | Стручен актив на IVодделение | Ноември ,2022год. |
| Активности по повод денот на училиштето | Стручниот актив на четврто одделение се претстави со поетско читање на песните кои учениците сами ги твореа и со кои учествуваа на литературниот конкурс. Учениците настпија со 3 музички точки.Дел од учениците читаа пораки н англиски јазик. | Стручен актив на IV одделение | Декември, 2022 год. |
| Анализа на успехот и поведението на учениците и подготовка на евидентни листови за крајот на првото полугодие | Анализа за реализирањето на наставната програма | Стручен актив на IV одделение | Декември, 2022 год. |
| Изработка на полугодишен извештај за работата на стручниот актив | Изработка на извештај | Стручен актив на IV одделение | Декември, 2022 год. |

Претседател на стручен актив за четврто одделение: одд. наставник Наташа Илиевска

## Стручен актив на петто одделение

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. Избор на претседател на Стручен Актив на петто одделение | Избирање на Претседател на Стручниот Актив | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 2. Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година | Донесување на програми, инструменти, материјали на наставниците од Стручниот Актив | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 3.Договор за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа | Договор за одржување на отворени часови | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 4.Изработка програма за професионален развој на ниво на Стручен Актив | Изготвување програма за професионален развој | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 5. Обука на наставниците за „Медиумска писменост " | Обука на наставниот кадар со цел планирање и реализација на Наставните содржини од новата концепција за V одделение | -Стручен актив на петто одделение<br>-Советници од БРО<br>-Наставници обучувачи | Август |
| 6.Состанок на ниво на стручни активи за усогласување на планирањата на ниво на училиште според насоките на БРО | Усогласени планирања за прво,второ,четврто и петто одделение според насоките од БРО и Новата концепција за основнво образование | -Стручни активи на ниво на училиште<br>-Ментор на училиштето<br>-ВД директор<br>-Психолог<br>-Специјален едукатор | Септември |
| 7. Подготвување на тематски процесни и неделни планирања, разговор за инструментите за оценување | Изготвување на тематски процесни и неделни планирања според насоките дадени од БРО на ниво на актив | -Стручен актив на петто одделение<br>-ППС | Септември |
| 8.Еднодневна екскурзија во Националниот парк Пелистер | Рекереативен карактер: развивање другарство,љубов кон природата,еколошки навики | -Стручен актив на петто одделение и нивните ученици<br>-Директор<br>-ППС<br>-Наставници | Септември |
| 9. Посета на Сојуз на борците на град Битола | Образовен карактер,запознавање со историското минато и историските личности на Република Македонија | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Октомври |
| 10.Договор за | Изготвени евидентни листови според | Стручен актив на | Октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| подготвување на евидентни листови во е-дневник според целите на програмата предвидени за прво тримесечие. | целите предвидени во програмата | петто одделение и нивните ученици | |
| 11. Обука на наставниците за „Примена на иновативни и интерактивни пристапи во наставата“ | Обука на наставниот кадар со цел зајакнување на компетенциите, согласно сопствениот план за професионален развој | -Стручен актив на петто одделение и нивните ученици<br>-Провајдер ЦЕС избран од БРО<br>-Наставници | Ноември |
| 12.Активности за Денот на училиштето | Учество на стручниот актив на петто одделение во одбележувањето на Денот на училиштето преку реализирање на ликовни и литературни работилници со учениците | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Декември |
| 13. Реализирана посета на театарска претстава „Јованче и Марика“ | Примена на знаењата од подрачјето Медиумска култура и писменост, развивање навики за културно однесување во театар и поттикнување на љубовта кон театарот и глумата | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Декември |
| 14. Реализирана посета на детски музички фестивал „Тра-ла-ла“ | Развивање на љубовта кон музиката, поттикнување на учениците за јавни настапи, создавање цврсти пријателски врски меѓу децата, меѓусебна толеранција, поддршка и разбирање | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Декември |
| 15.Реализирано предавање од Отсекот за превенција при СВР Битола | Учениците да развијат позитивни лични вредности, вештини за препознавање и пријавување на насилството,а посебно вештини за користење на ненасилни зборови и ненасилно однесување | -Стручен актив на петто одделение и нивните ученици<br>-Заменик директор<br>-ППС<br>-Полициски службеници: Ките Трајковски, Џелал Фазлиовски, Стаматова Сања | Декември |
| 16. Изработка на полугодишен извештај од работата на стручниот актив | Изработка на извештај, споделување на искуства | Стручен актив на петто одделение | Декември |

Александар Степановски – V -1 одделение
**Ана Здравкова - V -2 одделение - претседател**
Елица Митревска- V -3 одделение
Сузана Дишковска - V -4 одделение
Снежана Стојанова V -5 одделение

## Стручен актив по Македонски јазик

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| - Избор на претседател на Активот;<br>- Разгледување и усвојување на Годишната програма на Активот;<br>- Дораспределба на учебници и размена на стручната литература меѓу наставниците. | Планирано, ефикасно, организирано, координирано и транспарентно работење на Стручниот актив. | Соња Петровска, Соња Бандевска, Мирјана Стојановска и Олвера Илиевска (претседател на Активот) | **септември 2022г.** |
| Подготовка на програмите за дополнителна, додатна настава како и слободните ученички активности- секциите (драмска, литературна, рецитаторска, радио)<br>**-Одбележување на 26 – ти Септември – Ден на Европските јазици** | Подготовка на програмите за дополнителна, додатна настава; размена на ставови, мислења, искуства, поттикнување на творечката активност. Значењето и улогата на јазикот во секојдневното живеење и воопшто. | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **септември 2022.г.** |
| Истакнување на содржини кои ќе се реализираат со ИКТ програмата, ЕКО и МИО. | ЕКО и МИО содржините се интегрираат во склад со Годишната програма и Развојниот план; | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **септември 2022г.** |
| - Планирање на писмените работи и тестови.<br>- Договарање на критериумите | Ќе се користат постоечките критериуми за оценување и во текот на годината ќе се изготвуваат нови. | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **септември – октомври 2022г.** |
| Секој наставник прави самопроценка на неговите компетенции врз основа на следните насоки: планирање и реализација на наставата, оценување, создавање на клима и средина за учење, | Планирање на професионален и кариерен развој на наставниците индивидуално и на ниво на Актив. Развивање љубов | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **септември – октомври, ноември 2022г.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| социјална и образовна инклузија со учениците и родителите, професионален развој и соработка.<br>**-Одбележување на Месецот на книгата** | кон книгата, стекнување навики за користење библиотека. | | |
| Подготовки и реализација по повод Денот на училиштето:<br>-Се распиша литературен конкурс на тема „Да си подадеме рака“. Најдобрите литературни творби беа наградени.<br>-Избор на комисијата за оценување на литературни творби | Одбележување на патрониот празник на училиштето;<br>Изборот на најдобрите литературни творби го изврши комисијата за оценување на литературни творби | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **ноември-декември 2022** |
| - Одбележување на Први декември – Ден за борба против сида.<br>- Доделување на наградите од литературниот конкурс: „Да си подадем рака“; | Стакнувањенавики за водење здрав живот, едукација.<br>Одбележување на патрониот празник на училиштето | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **декември 2022г.** |
| - Активности околу избор на творби /содржини за училишниот весник „Светлини“.<br>- Подготовка за училишниот весник „Светлини“, проверка (предлог-активности/ содржини за весникот) и издавањето на училишниот весник „Светлини“; | Издавањето на училишниот весник „Светлини“; | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **декември 2022г.** |
| Литературно читање | Одбележување по повод Ден на училиштето | Соња Петровска, Оливера Илиевска, Маргарита Поповска, Мирјана Стојановска и Соња Бандевска | **декември (7.12.2022 г.)** |

Претседател на Стручен актив
Оливера Илиевска

## Стручен актив за странски јазици (Англиски, Германски, Француски и Италијански јазик)

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на европските јазици | Целта на овој настан е да им се даде значење на јазиците како основен нераскинлив дел од културното наследство на Европа. Промовирање на богата јазична и културна разноликост на Европа, преку традиционално приготвени јадења кои се дел од богатата гастрономска традиција на Европските земји | Наставниците од активот | 26.09.2022 |
| Едукативна посета на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје и посета на Катедрата за германски јазик | Запознавање со работата на Филолошкиот факултет и можноста на изучување на различни јазици | Јулија Ивановска Николче Аврамовски | 21.10.2022 |
| Одбележување на Halloween<br><br>Изработка на украси, тикви и маски за Halloween Презентација на изработките во училишниот хол.Изработка на видео презентација | Запознавање со традицијата на празнување на овој празник во САД и споредба со празници во нашата земја.<br>Интегрирање на веќе наученото во нови ситуации при размена на информации за својата култура и културите на земјите од англиско говорно подрачје | Наставници<br>Виолета Поповска<br>Ивона Поповска<br>Ученици од седмо и деветто одд | 30.10.2022 |
| Одбележување на Thanksgiving<br><br>Изработка на Thanksgiving cards<br><br>Изработка на видео презентација | Запознавање на учениците со традицијата и културата на земјите во кои се зборува странскиот јазик како дел од цивилизациските цели предвидени со наставната програма. Запознавање со традицијата на празнување на овој празник во САД и споредба со празници во нашата земја | Наставници<br>Виолета Поповска<br>Ивона Поповска<br>Ученици од трето,седмо и деветто одделение<br>Наставник: Љупка Петкова ,ученици од англиска секција VI одд | 26.11.2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на патрониот празник на училиштето.<br><br>Работилница-<br><br>пишување пораки на тема “Friendship is in our hands”на англиски, германски, француски и италијански јазик и кратка драматизација.<br><br>Драматизација- “Час по историја “ | Поттикнување на творечка активност, љубов и интерес за пишаниот збор.<br>Поттикнување на креативноста на учениците.Соработка и размена на искуства на наставниците од активот | Наставници:<br>Виолета Поповска ,Евдокија Галовка, Маја Милевска Кулевска,<br>Љупка Петкова,Ивона Поповска<br>Јулија Ивановска<br><br>Ученици VI ,VII ,IX<br>Англиска секција | 7.12.2022 |
| Secret Santa Размена на подароци меѓу соучениците<br><br>Креативна работилница,изработка на честитки од петлици и отпаден материјал<br><br>Adopt a tree -Изработка на новогодишни украси од рециклиран материјал за украсување на елки во училишниот двор | . Целта на активноста е да се запознаат со традиција на празнување на Нова година и Божик во земјите од англиско говорно подрачје,развивање креативност ,позитивни чувства на споделување и грижа за своите соученици и околината | Наставници Виолета Поповска, Ивона Поповска<br>Ученици од VII$^{1-5}$, IX$^{1,-5}$<br>Наставник Љупка Петкова ,ученици од II одд<br>Наставник Виолета Поповска и ученици од англиската секција од VII,IX | 30.12.2022 |
| Присуство на обука<br><br>Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | Професионално усовршување на наставниците и размена на искуства | Наставниците од активот | Во текот на првото полугодие |
| Учество во Ерасмус проекти<br><br>Robotics-yesterday ,today ,tomorrow and its interaction with the | Професионално усовршување на наставниците и размена и примена на искуства | Наставник Љупка Петкова | Во текот на првото полугодие |

| | | | |
|---|---|---|---|
| environment and climate<br><br>Digital Accelerator - Covid19 | | | |
| Учество на квиз во рамките на неделата на италијанскиот јазик | Проширување на знаењата и поттикнување на натпреварувачкиот дух кај учениците | Наставник Маја Милевска Кулевска и ученици од IX одд | 04 .11.2022 |
| Учество на обука Инклузивни училишта – од теорија до пракса | Професионално усовршување на наставниците и размена на искуства | Наставници Поповска Виолета, Поповска Ивона | 08.10.2022 |
| Учествоdo на 28th Pan-EU Conference on Digital Education | Професионално усовршување на наставниците и размена на искуства | Наставни ци Поповска Виолета, Поповска Ивона | 28.8.2022 |
| Учество на Едуино вебинари | Професионално усовршување на наставниците и размена на искуства | Наставни ци Поповска Виолета, Поповска Ивона | Во текот на првото полугодие |

## Стручен актив по Математика

Стручниот актив по математика при ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола, брои пет членови :

1. Сања Кузмановска – 6 одделение
2. Анета Георгиева Наумовска – 6 одделение
3. Катерина Наумовска – 7 одделение
4. Снежана Захариева – 8 одделение
5. Лидија Шунда Шокларовска – 9 одделение Претседател на стручниот актив

Програмата која се подготвува пред почетокот на учебната година, во текот на првото полугодие во целост е реализирана. Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во прво полугодие:

| Активност | Време на реализација | Цели | Реализатори |
|---|---|---|---|
| **Правилник за личен професионален развој на наставниците и стручните соработници.** | Август, 2022 | Наставниците ги разгледаа веќе издвоените компетенции за работа по математика според познатиот прирачник. Според него се разгледуваа слабите страни и надминувањето на истите за напредување на наставниците. За личен и професионален развој на наставниците од Активот-математика, имаат унифициран став за начинот на напредување на наставникот. | Наставниците од актив математика |
| **Приклучување и работа со Националната платформа за учење од далечина-Tims.** | Септември, 2022 | Наставниците од Активот по математика повторно креираа распоред на платформата, разменија свои мислења и сугестии за користење на истата при реализација на наставата како и вонаставните активности со ученици кои се во изолација и ги надополнија знаењата за користење на платформата. | Наставниците од актив математика |
| **Обуки реализирани од БРО** | Октомври, ноември, декември 2022 | Наставниците од активот учествуваа на обуки (едукативни обуки реализирани од компетентни личности) како и на симулација на подметната бомба. Обуката се одржа со физичко присуство од страна на лиценцирани обучувачи. | Наставниците од актив математика |
| **Активности на математичката секција по повод Денот на училиштето** | Ноември, декември, 2022 | Оваа година покрај прилогот во списанието Светлини наставничките од активот математика на 7.12.2022 година реализираа активност под наслов „Да си подадеме рака“ по повод Денот на училиштето. Наставниците по математика како и учениците од секциите Млади математичари успешно и во целост ја реализираа активноста. | Наставниците од актив математика и учениците од математичката секција |

Претседател на Актив по математика: Катерина Наумовска

## Стручен актив по Биологија, Физика и Хемија

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| -За претседател на Стручниот актив е избрана Марија Атанасовска-наставник по хемија.<br><br>-Присутните членови заеднички ја донесоја и усвоија Програмата на Стручниот актив во учебната 2022/2023г.<br><br>-Сите членови заеднички го разгледаа предлогот Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и утврдија дека нема никакви забелешки во однос на истата.<br><br>-Се евидентираа постоечките наставни средства, помагала и литература и повторно се укажа на потребата од набавка на нови наставни средства. | • Избор на претседател на Стручен актив по биологија,физика, хемија и природни науки.<br>• Донесување и усвојување на Програма на Стручниот актив во учебната 2022/2023 година<br>• Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето.<br>• Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови. | Членови на Стручниот актив по физика, хемија, биологија и природни науки. | Август 2022 г. |
| -Во однос на првата точка сите членови навреме ги изработија годишните, тематските и дневните планирања ( за редовна, дополнителна и додатна настава) за тековната учебна година.<br><br>-Секој од наставниците го претстави својот план за тестови и писмени работи во оваа учебна година. На крај сите членови се усогласија да нема никакво поклопување во датумите за одржување на истите.<br><br>-Како и секоја година така и оваа наставниците меѓусебно се договорија за усогласување на критериумите за оценување на учениците на ниво на Стручниот актив по биологија,хемија, физика, природни науки. | • Изработка на годишните, тематските и дневните планирања (за редовна, дополнителна и додатна настава).<br>• Договор за тестови и писмени работи.<br>• Усогласување на критериумите за оценување на учениците на ниво на Стручниот актив по биологија, хемија, физика, природни науки.<br>• Изработка на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родители. | Членови на Стручниот актив по физика, хемија, биологија и природни науки. | Септември 2022 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Во однос на чевртата и петтата точка секој од наставниците ги изработи инструменти те за евидентирање на индивидуални средби со родители, како и ИОП кој го достави во своето наставничко портфолио.<br><br>-На крајот од овој состанок се разговараше и за евентуалната посета на семинари, обуки и работилници во оваа тековна година. | • Изработка на ИОП.<br>• Примена на Асистивна технологија во наставата за деца со посебни потреби.<br>• Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите. | | |
| -Се одржаа неколку неформални состаноци со сите членови на Активот. На овие состаноци се разменаа искуства и мислења за реализацијата на наставни содржини – форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување. | • Одржување на неформални (по потреба) состаноци со сите членови на Активот, размена на искуства и мислења при реализацијата на наставни содржини – форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување.<br>• Изработка на план за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа.<br>• Посета на обуки и работилници.<br>• Посета на Природно-научен музеј, Планетариум или други установи во Скопје. | Членови на Стручниот актив по физика, хемија, биологија и природни науки. | Октомври 2022 г. |
| -Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие. Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со решавање на одредени проблематични ситуации.<br><br>-Во однос на втората точка секој наставник подготви извештаи за реализираноста на дополнителната и додатната настава за тековната учебна | • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие.<br>• Изработка на извештаи за додатна и дополнителна настава, СУА.<br>• Посета на обука и размена на искуства од истата. | Членови на Стручниот актив по физика, хемија, биологија и природни науки. | Ноември 2022г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| година.<br>-Во однос на третата точка се посети обука во организација на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, а која беше реализирана од Академија ЦЕС, на тема "Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата". | | | |
| -По повод Денот на училиштето на ден 07.12.2022, Стручиот актив на физика, хемија, биологија и природни науки, прикажаа презентација под мотото "Да си подадеме рака" односно го опишаа подавањето на рака од аспект на градба на раката и функционирање на мускулите, законитостите на раката како лост и производството на енергија при функција на мускулите. Ова беше прикажано преку живописна презентација, модели, мерења и решавање на проблемски задачи, со што многубројната публика беше целосно анимирана и со голем интерес го проследи целиот настан.<br>-Во однос на втората точка секој наставник подготви извештаи за реализираноста на дополнителната и додатната настава за тековната учебна година.Членовите на Активот се изјаснија дека во овој период на учениците им е потребна дополнителната настава повеќе од додатната.<br>-Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие. Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со решавање на одредени проблематични ситуации. | • Активности на Стручниот актив по повод Денот на училиштето во соработка со учениците.<br>• Анализа за реализацијата на дополнителна и додатна настава.<br>• Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие. | Членови на Стручниот актив по физика, хемија, биологија и природни науки. | Декември 2022 г. |

**Изготвил:**
**Претседател на стручен актив**
**Марија Атанасовска**

## Стручен актив по Географија, Историја, Граѓанско образование и Етика

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Работилници за одбележување на значајни датуми од историјата на Македонија (11 Октомври и 23 Октомври) | Презентација на знаењето на празниците како дел од колективната меморија на нашиот народ | Ученици членови на историската секција од 9 одд | 10.10.2022 и 21.10.2022 |
| Видео презентации „Подај рака кон природата“ и „Битола некогаш и сега“ | Мотото „да си подадеме рака“ низ перспектива на историската и географската секција | Ученици, членови на историската и географската секција | 7.12.2022 |
| Интерен квиз на знаење за наставен предмет историја | Преку забава до утврдување на стекнатото знаење | Ученици од 7, 8 и 9 одд | 7.12.2022 |
| Отворен час по наставен предмет историја „Приказните на Светските чуда“ | Преку истражување до презентација на стекнатото знаење | Ученици членови на историската секција од 8 одд под менторство на наставничката Христина Андоновски | 28.12.2022 |

Претседател на стручен актив

Пеце Трифуновски

## Стручен актив по Техничко образование и Информатика

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Избор на претседател на стручен актив | Избор на раководство на стручен актив | Наставници од стручниот актив | Август 2022 |
| Изработка на програма на стручен актив и програма за професионален развој на наставниците | Постигање ефективна работа на стручниот актив | Наставници од стручниот актив | Август 2022 |
| Разгледување на предлог годишната програма за работа на училиштето<br>Избор на учебници | Усогласување на програмите<br>Да се изберат учебници во согласност со наставните програми по информатика и ТО | Наставници од стручниот актив | Август 2022 |
| Соработка со родители | Навремено известување за активности во училиштето<br>Вклученост на родителите во активности | Наставници од стручниот актив | Во текот на учебната година |
| Споделување на искуства на наставниците во текот на работата | Дискусија во врска со реализација на наставата и наоѓање начини за надминување на проблеми<br>Споделување на иновативни приоди во наставата | Наставници од стручниот актив | Во текот на учебната година |
| Дискусија за оценувањето и инструментите за оценување | Заедничко избирање, изработка и соодветно користење на инструменти за оценување<br>Споделување на инструментите со членовите на стручен актив | Наставници од стручниот актив | Во текот на учебната година |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на тримесечие/полугодие | Анализа за постигнатиот успех по наставните предмети информатика и ТО | Наставници од стручниот актив | Ноември, Декември |

Претседател на стручен актив

Атанас Пеев

Членови на активот:

Наташа Стаменковска

Дарко Аврамоски

## Стручен актив по Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование

Годишната програма на Стручниот актив по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование според планираното во целост е реализирана. Во продолжение се активностите кои беа реализирани.

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализациј а |
|---|---|---|---|
| 1. Избор на претседател на стручниот актив<br>2. Донесување и усвојување на програма на стручниот актив<br>3. Избор на учебници<br>4. Тековни прашања | По првата точка од дневниот ред беше извршен избор на претседател на стручниот актив. За претседател во учебната 2022/2023 година беше избран Трајцевски Златко.<br>Во однос на втората точка бше разгледана минатогодишната програма на стручниот актив каде се извршија одредени корекции и дополнувања и како таква беше усвоена од страна на членовите на стручниот актив.<br>По третата точка од дневниот ред се разговараше за учебниците по предметите од стручниот актив и беше прифатено да се користат истите учебници како и минатата учебна година. | Наставниците | 29.08.2022 година |
| 1. Изработка на програма за професионален развој на наставниците<br>2. Разгледување на предлог годишната програма за работа на училиштето и развојниот план на училиштето<br>3. Тековни прашања | Во разговорот по првата точка од дневниот ред се вклучија сите присутни членови на стручниот актив со свои идеи, предлози и сугестии, по што беше изработена програма за професионален развој на наставниците од стучниот актив по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование. | Наставниците | 29.08.2022 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | По втората точка беше разгледана годишната програма за работа на училиштето и развојниот план на училиштето каде низ разговор беше заклучено дека нема забелешки и дека стучниот актив прифаќа таква каква што е, со некои предлози за во иднина. | | |
| 1. Договор за организација на отворени часови на наставниците на стручниот актив<br>2.Потрбни наставни средства и реквизити за реализација на отворените часови<br>3. Тековни прашања | По првата точка од дневниот ред се разговараше за отворените часови кои наставниците треба да ги реалзираат во текот на учебната година. Наставниците ги потврдија датумите за презентација  на предложените наставни содржини.<br>Во однос на потребните стртства и реквизити за реализација на овие часови наставниците се изјаснија дека ќе се користи она што е на располагање во училиштето, а доколку е потребно нешто повеќе за тоа ќе се погрижат самите наставници.<br>Заради специфичноста на наставата со пандемијата,отворените часови ќе се реализираат кога ќе има услови и можност за тоа. | Наставниците | 24.09.2022 година |
| 1. Подготовки за патрониот празник<br>2. Тековни прашања | Во однос на првата точка се разговараше за активностите кои ќе се реализираат по повод патрониот празник на училиштето, кои ќе бидат реализирани со посебна програма  во склоп со околностите со пандемијата.<br>Организација на ликовен конкурс<br>Продолжување на припремите на хорот и оркестарот за настап за патрониот празник. | Наставниците | 25.11.2022 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците при крајот на првото полугодие.<br>2. Тековни прашања | По првата точка беше дискутиран успехот на учениците по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование. Наставниците заклучија дека нема некои поголеми промени во успехот во споредба со претходната година.Во тековни прашања се разговараше за активностите на активот на патрониот празник каде имаше многу пофалби . Наставниците по ликовно образование Ленче Крстеска и Стевче Тодоровски успешно го реализираа ликовниот конкурс на тема "Учителот" на кој што имаше голема заинтересираност од страна на учениците. Исто така хорот под менторство на наставникот Игор Огненовски и оркестарот под менторство на наставникот Мирко Митровски подготвиа музички точки по повод патрониот празник. | Наставниците | 20.12.2022 Година |
| 1.Учество на спортски натпревари (предмет:Физичко и здравствено образование) | -По предеметот Физичко и здравствено образование во периодот од месец Октомвти до месец Декември се одржаа повеќе спортски натпревари: (кошарка, фудбал, ракомет, пинг-понг, одбојка,шах и учество на есенскиот крос) | Наставниците | **Месец:** Октомври,ноември и декември. |

**Претседател:**
Трајчевски Златко

## УЧИЛИШТЕН ОДБОР

| Активност | Цели | Реализатори | Ресурси/ методи на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Седница на УО 02-319/2** | Усвојување на Записникот од предходната седница<br>1.Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година<br><br>2.Донесување на Одлука за формирање на стручен тим за изработка на програма за екскурзии<br><br>3.Тековни прашања | Милена Мајсторовска- претседател<br>Љубица М.Ристевска- заменик претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители<br>Жанета Лутовска, Љупка Петкова, Виолета Поповска, од наставници,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа<br>Милорад Петрески, секретар, Гордана Анастасова- директор, по службена должност | Простории на училиштето, печатен материјал | 01.07.2022 |
| **Седница на УО 02-352/2** | Усвојување на записник од предходната седница<br><br>1. Донесување на Одлука за утврдување – Верификација на мандатите на 2 членови на УО од редот на родителите<br>2. Донесување на Одлука за избор на Претседател и Потпретседател на УО<br>3.Донесување на Одлука за усвојување на Деловник за работа на УО<br>4.Тековни прашања | Милена Мајсторовска- претседател<br>Љубица М.Ристевска- заменик претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители<br>Жанета Лутовска, Љупка Петкова, Виолета Поповска, од наставници,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа<br>Милорад Петрески, секретар | Просториите на училиштето, печатен материјал | 13.07.2022 |
| **Седница на УО 02-359/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br>1.Донесување на Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор<br>2.Донесување на Одлука за формирање на Комисија за прегледување на пристигнатите документи на кандидат за директор | Милена Мајсторовска- претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители<br>Жанета Лутовска, Љупка Петкова, Виолета Поповска, од наставниците,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа<br>Милорад Петрески, | Простории на училиштето, Печатен материјал | 19.07.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3.Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето за Учебната 2022/2023 г.<br>4.Тековни прашања | секретар, Гордана Анастасова-в.д.директор, по службена должност | | |
| **Седница на УО 02- 368/2** | Усвојување на Записник од предходната седница<br><br>1.Разгледување на приговорите бр.03-305/1/2<br>2.Тековни прашања | Милена Мајсторовска-претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители<br>Жанета Лутовска,<br>Љупка Петкова,<br>Виолета Поповска, од наставниците,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа<br>Милорад Петрески, секретар | Простории на училиштето, печатен материјал | 21.07.2022 |
| **Седница на УО 02-372/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br><br>1.Донесување на Одлука за измена на составот на Комисијата за прегледување на пристигнатите документи на кандидатите за директор на ООУ "Св.Климент Охридски" - Битола<br>2.Тековни прашања | Милена Мајсторовска-претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители<br>Жанета Лутовска,<br>Љупка Петкова,<br>Виолета Поповска, од наставниците,<br>Милорад Петрески, секретар | Онлајн, на платформата зум, материјал пратен на вибер | 28.07.2022 |
| **Седница на ОУ 02-405/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br><br>1. Донесување на Одлука за дополнување на планот за јавни набавки за 2022 г.<br><br>2. Донесување на Одлука за ангажирање лице со договор на дело за изготвување на распоред на часови<br>3.Разгледување на барање од родител<br>4.Тековни прашања | Милена Мајсторовска-претседател<br>Љубица М.Ристевска-заменик претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители<br>Жанета Лутовска,<br>Љупка Петкова,<br>Виолета Поповска, од наставници,<br>Милорад Петрески, секретар, Гордана Анастасова, в.д.директор, по службена должност | Во просториите на училиштето, печатен материјал | 23.08.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Седница на УО 02-497/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br><br>1. Давање на Предлог по Огласот за прием на работници распишан во весниците "Слободен печат" и "Коха"<br><br>2.Тековни прашања | Милена Мајсторовска-претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители Жанета Лутовска, Љупка Петкова,<br>Виолета Поповска, од наставниците,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа Милорад Петрески и Николина Митревска, секретари, Гордана Анастасова, в.д.директор, по службена должност | Простории на училиштето, печатен материјал | 19.09.2022 |
| **Седница на УО 02-536/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br>1. Донесување на Одлука за промена на сатницата во првата смена за учебната 2022/2023<br>2.Тековни прашања | Милена Мајсторовска-претседател<br>Љубица М.Ристевска-заменик претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители Жанета Лутовска,<br>Виолета Поповска, од наставниците,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа Милорад Петрески, секретар, в.д.директор Предраг Созовски | Простории на училиштето, печатен материјал | 30.09.2022 |
| **Седница на УО 02-556/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br><br>1.Разгледување на Приговор од кандидат Снежана Петковска<br>2.Тековни прашања | Милена Мајсторовска-претседател<br>Љубица М.Ристевска-заменик претседател<br>Зоран Велчевски, од Совет на родители Жанета Лутовска, Љупка Петкова,<br>Виолета Поповска, од наставниците,<br>Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа, Николина Митревска и Милорад Петрески - секретари, в.д.директор - Предраг Созовски,по службена должност | Простории на училиштето, печатен материјал | 03.10.2022 |
| **Седница на УО 02-585/2** | Усвојување на записникот од предходната седница | Милена Мајсторовска-претседател<br>Љубица М.Ристевска- | Простории на училиштето, | 17.10.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1.Донесување на Одлука за утврдување на финансовиот План на училиштето за 2023 година<br>2.Донесување на Одлука за утврдување-верификација на мандатот на членовите од ученички парламент<br>3.Донесување на Одлука за измена на стручен тим за изработка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2022/2023 година<br>4.Донесување на Одлука за избор на осигурителна компанија за осигурување на ученици во учебната 2022/2023 година<br>5.Тековни прашања | заменик претседател Зоран Велчевски, од Совет на родители Жанета Лутовска, Љупка Петкова, Виолета Поповска, од наставниците, Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа, Томе Трампески и Елена Тунтевска, претсавници од ученички парламент, Николина Митревска - секретар, Оливера Милевска – книговодител, в.д.директор -Предраг Созовски,по службена должност | печатен материјал | |
| **Седница на УО 02-664/2** | Усвојување на записникот од предходната седница<br><br>1. Давање на Предлог по Огласот за прием на работници распишан во весниците "Слободен печат" и "Коха"<br>2.Донесување на Одлука за рефундирање на средства во висина на дневна автобуска карта за учениците со попреченост<br>3.Разгледување и усвојување на Годишниот план за спречување на корупција во ООУ "Св.Климент Охридски"- Битола за 2023 година<br>4.Тековни прашања | Милена Мајсторовска- претседател Љубица М.Ристевска- заменик претседател Зоран Велчевски, од Совет на родители Жанета Лутовска, Љупка Петкова, Виолета Поповска, од наставниците, Весна Лозановска- прет. од локална самоуправа, Томе Трампески и Елена Тунтевска, претсавници од ученички парламент, Николина Митревска - секретар, в.д.директор - Предраг Созовски,по службена должност | Простории на училиштето, печатен материјал | 05.12.2022 |

## СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Програмата на Советот на родители за периодот од септември до декември е реализирана во целост, во согласност со активностите на училиштето.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените извештаи за работата на нашето училиште за првото полугодие во учебната 2022/2023 година, можеме да констатираме и да кажеме дека зад нас оставивме уште едно успешно полугодие.

Тоа може да се воочи од целокупната работа во сите сегменти на функционирањето на нашето училиште. Нема ученици кои своеволно и неоправдано ја напуштаат наставата, а поведението на истите, исто така задоволува. Наставниците, користејќи ги сите услови и можности работеа на своето професионално усовршување. Проектите ги прифаќаа со задоволство и заедно со учениците, ги спроведуваа предвидените содржини. Редовно ги посетуваа потребните обуки за лично и професионално напредување.

На хигиената, се стави посебен акцент. Реализирани се сите предвидени систематски прегледи и вакцинации за учениците и вработените, според програмата на Министерството за здравство. Се изврши дератизација, дезинсекција и дезинфекција на училиштето.

Го завршивме првото полугодие, задоволни и исполнети од реализираното, а нашите нови идеи, предлози, замисли, со силен ентузијазам, ќе продолжеме да ги имплементираме и во второто полугодие.

Битола, јануари, 2023 година

Директор

____________________

(ВД Предраг Созовски)